**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
**од Третата седница на**
**Националниот совет за евроинтеграции**
**одржана на 25.10.2011 година**

**Скопје, октомври 2011 година**

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Трета седница на Национален совет за евроинтеграции, одржана на 25 октомври 2011 година, во сала на Уставна Комисија на Собранието на Република Македонија.**

Седницата започна во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

**Радмила Шекеринска:**

Да почнеме.

Ова е врз основа на Одлуката за основање на Националниот совет, ова е трета седница на овој состав на Националноит совет.

Во материјалите ви беше доставен Предлог - дневен ред и материјали по овие точки за денешнава расправа, како и еден сет информативен на материјали чисто како членови и претставници на Националниот совет подобро да бидете запознаени со одлуките за негово функционирање и некои базични материјали за кои сметавме дека можат да бидат корисни.

Јас би предложила да работиме по овој дневен ред, но се разбира доколку има предлози ќе ги разгледаме.

Дали некој бара збор за измени и дополнување на дневниот ред.

Ако не тогаш, констатирам дека ќе работиме по дневниот ред.

Доставени ви беа записниците од првата и втората седница.

Дали има некој предлози за измена или за дополнување.

Ако нема, тогаш констатирам дека ги усвоивме записниците од првата и втората седница.

Преминуваме на првата точка од дневниот ред, а тоа е Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година.

Заедно со Извештајот, кој што беше преведен и на македонски, а потоа за колегите кои што го говорат албанскиот, и на албански јазик. Им благодарам на службите што се беше доставено навреме. Имате и уште еден дополнителен материјал изработен од Секторот за поддршка на Советот за европски интеграции, каде што членовите и претставниците во Националниот совет можеа

да се запознаат подобро и со општите препораки во последното пристапно партнерство како и со коментрите и сугестиите од минатогодишните извештаи, се надевам дека тие ги користевте и при разгледување на сепак обемниот материјал.

Ќе ја започнам точката на дневен ред со тоа што ќе и дадам збор на Вицепремиерот госпоѓа Арифи, а потоа се разбира дека ја отворам дискусијата за сите присутни.

Ќе ве молам, само со дигање на рака, да се пријавите за дискусија за да може соодветно да ја планирам седницата. Благодарам.

**Теута Арифи:**

Благодарам многу.

Сакам да ве поздравам и особено да ви се заблагодарам уште еднаш за можноста да се изнесуваат пред Националниот совет за евроинтеграции, размислувањата во однос на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија. Сметам дека секогаш е многу значајно дебатата после извештаите да биде една отворена, директна и дебата во која исто така ќе завршиме со предлози како да добиеме еден подобар и по позитивен извештај идната година. Тоа што мислам дека исто така е особено битно е фактот дека овој извештај сметам дека освен што е значаен е една многу битна за нас, ориентација за тоа како треба да бидеме ориентирани во однос на реформите и во однос на нашите приоритети кон Европската унија.

Јас сметам дека во рамките на извештајот би одвоила неколку елементи затоа што повеќе пати зборувавме и повеќе пати дебатиравме, а не само тоа и во рамките на Собранието во рамки на Комисијата за европски прашања, мислам дека имавме и одржавме една долга и широка дебата во однос на извештајот. Тоа ќе ми дозволите, уште еднаш да ги повторам констатациите кои произлегуваат од извештајот и тоа што мислам дека треба да го заклучиме и ориентацијата со која треба да се носиме во однос на нашата иднина во однос на европските приоритети.

Оценувам дека Извештајот на Европската унија, на Европската комисија е позитивен, најпрво поради фактот што ја повторува препораката за отпочнување на преговори. Во однос на нас како земја мислам дека ова е најголемиот и најпозитивен елемент на овој извештај. Дозволете ми да дадам еден краток пресек по области, како би имале повеќе простор за дискусија и тоа по три линии што мислам дека се битни.

Тоа се политичките критериуми, економските критериуми и делот значи на Акито.

Во однос на политичките критериуми најважната дефиниција е дека ние како земја, продолжуваме да ги исполнуваме политичките критеируми во однос на членство на Европската унија. Позитивно се подвлечени последните парламентарни избори, кои според извештајот биле на линија на меѓународните стандарди. Исто така во однос на реализирањето на политичкиот дијалог и во Собранието, значи после изборите, но и во процесот на градењето на коалицијата се оценуваат како позитивни.

Позитивно исто така се оценува делот кој се поврзува со реализација на обврски кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор. Позитивно е подвлечен Законот за јазиците, кој помина во Собранието и што мислам дека уште еднаш ја повторува битната улога на Собрнието во однос не само на грдењето на политичкиот дијалог, туку и на реализација на обврските кои ги имаме во однос на хармонизација на законите со Европската унија.

Од нас се бара повеќе, да работиме во идентификувани сфери. И тоа се сферите на реформите во судството и сферите на реформите во јавната администрација.

И двете подвлечени барања за повеќе реформи и повеќе работа треба да ги прифаќаме како барања или како добри намери од наши партнери кои сакаат нашето партнерство да ја зајакнеме повеќе и меѓу другото да бидеме што поблиску кон стандардите на Европската унија во однос на градење на една ефикасна администрација и во градење на едно независно судство.

Во однос на економските критериуми, се вели исто така дека земјата продолжува со напорите и со прогресот во однос на постанување на функционална пазарна економија. Но исто така се подвлекува фактот дека и во делот на економските реформи треба да се работи повеќе. Се нотираат позитивни многу чекори направени во полето на енергетиката, во фискалната модернизација, но меѓу другото останува исто така да се сработи во делот на другите реформи во рамки на економскиот систем.

И кога бев на првото читање на Извештајот во Брисел делот на Акито беше делот, и во мојот последен престој во Брисел во делот на Акито, значи во делот на хармонизацијата, на легислативата со легислативата на Европската унија е подвлечена како позитивна нашата работа во делот на Акито, е поздравена динамиката со која сме се движеле во однос на хармонизацијата на

легислативата, е подвлечена како позитивна исто така и улогата на Парламентот во однос на следењето и давањето придонес во однос на таа динамика, но меѓу другото исто така се укажува дека освен една добра динамика во однос на хармонизација на легислативата со таа на Европската унија се очекува законите да бидат брзо имплментирани, да бидат ефикасни и луѓето, граѓаните да ги чувствуваат добрата на тие хармонизирани закони со законитоста на Европската унија.

Во однос на тоа што ние и како ние ќе одговориме на Извештајот. Сметам дека е многу битно откако ќе ја завршиме оваа фаза на дискусија на јавна дискусија, на дебатата за Извештајот. Оваа фаза па има понекогаш интересно политичко дебатирање за Извештајот. Сметам дека многу брзо треба да пристапиме кон конкретно адресирање на сите прашања кои се листирани во Извештајот.

Јас сакам тука да ве информирам дека во заклучна фаза ни е вториот акционен план по однос на вториот дел на листата на задачи од страна на Европската унија, каде што ние ги адресираме тие задачи кои се со рок на реализација за крај на мај 2012 година. Додека до крај или до средина на декември ќе завршиме со Националната програма, новата за идната година каде што ќе ги адресираме сите прашања кои се листирани во Извештајот.

Уште еднаш да напоменам дека Извештајот на Европската унија една битна ориентација за сите нас како земја и за сите нас како општествени политички фактори, ако може така да се изразам да ја задржиме ориентацијата кон приоритетите кои заеднички сме ги поставиле и меѓу другото исто така да имаме динамика во однос на работењето.

И на крајот останувајќи со надеж дека ќе успееме како земја исто така со добра волја, очекувајќи добра волја и од страна на Атина да го надминеме проблематичниот спор кој за жал меѓу другото ги држи блокирани нашите евроатлантски процеси. Но тоа не значи дека ние не треба дома да ја држиме динамиката на реализација на реформите затоа што на крајот на краиштата сите реформи, подобрувања на нашиот систем ги правиме за нас, а не евентуално за некои други. Ви благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам госпоѓо Арифи.

Дали некој бара збор од членовите и претставниците на Националниот совет согласно нашата одлука.

Јас затоа гледам повеќе на левата страна, минатиот пат забележавме дека дебатата на некој начин доминантно беше пополнета со дискусии од пратениците и дека тоа можеби делува обесхрабрувачки кај сите оние кои што се претставници на граѓанскиот сектор, ако имаме пријавени за збор дефинитивно предност би ви дала сега вам, ако не пратениците се во низок старт.

Господине Трајанов, согласно нашиот Деловник и Одлуката на Националниот совет може да присуствуваат сите пратеници, меѓутоа може да земат збор само оние кои што членови или заменици членови. Жал ми е, ама таков беше договорот и така кажува и нашиот Деловник.

**Антонијо Милошоски:**

Благодарам уште еднаш за излагањето од страна на заменик претседателот на Владата на Република Македонија госпоѓа Арифи.

Сметам дека со ваквите дебати во Собранието, тука и во овој формат, го зголемуваме приоритетот кој што во Република Македонија не е само политички туку е и општествен, а тоа се европските интеграции. Според мене ценам дека овој начин на дебата овозможува и јавноста повеќе да осознае за проблематиката која што е суштинска по однос на Европската интеграција на Република Македонија, но истовремено да се види и ползата од таа дебата, односно што можеме да преземеме, за да можеме следната година да имаме исто така поволни вести или да кажеме да имаме уште по пријатни околности во кои што би можеле да ги отпочнеме преговорите за членство.

Според мене, ценам дека самиот Извештајот со самото тоа што по трет пат ја потврдува препораката за отпочнување на преговорите за членство, го верификува капацитетот на Република Македонија и институционален и политички, зрелоста на нашата држава да ги отпочне преговорите за членство. Не треба да се губи ниту миг повеќе, а камоли година и ако се однесува до Република Македонија, ценам дека уште во 2009 година ќе беше најдобро или годината потоа, да ги отпочнеме преговорите за членство и ќе бевме во многу попријатна ситуација, не само ние како земја кандидат, туку и самите реформи кои што се спроведуваат и самиот углед на Европската комисија и проширувањето како еден од најважните процеси во Европската унија. По однос на Извештајот, ценам дека треба да се обрне внимание и на оние работи кои што добиваат редовно

позитивни оценки, но истовремено и на оние работи каде што се нотирани одредени слабости и очекуваме Владата на Република Македонија и Секретаријатот за европски прашња самиот извештај да го преточат во еден водич, во едно упатство за работа каде што ќе може со дополнителни реформи Македонија да ги подобри уште повеќе своите перформанси пред Европската комисија. Во секој случај насоката во која што се движат реформите според мене е добра и истата треба да се одржи во тој правец, но истовремено самата мотивација за реформи треба да бидеме свесни дека не зависи само од ентузијазмот во Република Македонија, ниту пак зависи само од надлежности, мотивацијата која што доаѓа од Владата на Република Македонија. Тој ентузијазам и таа мотивација мора да се зема од двете страни и да се дава една дополнителна енергија и од самата Европската унија. Она што Македонија требаше да го испорача како земја на која што перспективата и беше гарантирана на Солунскиот самит 2003 година, заедно со останатите земји од регионот, уште во 2009 година веќе го испорача. Ги пресретна политичките критериуми кои што се неопходниот минимум за отпочнување на преговори  за членство со Европската унија. И тоа го правиме веќе по трет пат, но за жал очигледно е дека во рамките на Европската унија се уште не се создадени околностите и условите Европската унија да ја испрача својата обврзница и да и овозможи на земјата да ги отпочне пристапните преговори. Ние сме свесни дека проблемот создаден од страна на соседна Грција е главната пречка, но цениме дека таа пречка не би требало до бесконечност да го држи во заложништво процесот на интегрирање на Република Македонија, процесот на реформи во земјата, и на крајот на краиштата самиот кредибилитет на Европската комисија поврзан со соработката со земјите кандидати како што е Македонија, во овој случај.

Сметам дека заклучоците кои што се предложени и кои што би требало да ги усвоиме на овој совет со одредени дополнувања и корекции, кои што може да ги дадеме како пратеничка група, можат да послужат дополнителни како наш придонес кон владините и другите институции за понатамошниот начин, тек и динамика за работа. И по однос на тие заклучоци сметам дека ќе биде соодветно ако Националниот совет, земајќи ги во предвид европските принципи на почитување, рамноправност, различност на култури, овој пат со еден категоричен би рекол поконкретен текст и заклучок ја повика Европската комисија во рамките на европските принципи, да има еден пристап кој што ќе значи должно почитување на културите, политичките и јазичните и другите различности во

Република Македонија, а првенствено на употребата на придавката ,,македонски" кога се однесува на јазикот или на било кои други работи поврзани со нашата држава. Ценам дека партнерите, во овој процес Европската комисија и Република Македонија како земја кандидат, треба взаемно да се почитуваат и ваквиот еден однос во рамките на веќе утврдените европски принципи ќе биде од заемна полза и за чувството на испочитуваното достоинство во Република Македонија но во секој случај и за угледот на Европската комисија во нашето општество. Дополнително она што сметам дека треба да го потенцираме тоа е заложбата на нашата држава и параметрите кои веќе се постигнати station наназад неколку години и гледаме дека успешно се одржуваат на тоа ниво, и да ја повикаме Европската комисија во следниот извештај зголемено внимание да посвети на економските, монетарните параметри во Република Македонија, вкучувајќи ја тука и монетарната стабилност, вклучувајќи ги тука и другите институции поврзани со нашето стопанство и нашата економија се со цел Македонија конечно после неколку позитивни извештаи и на светската трговска организација и други реномирани меѓународни организации, да се стекне и од страна на Европската комисија, дека нашата држава ги исполнува критериумите да биде дефинирана како функционална пазарна економија.

И за истото тоа, во рамките на домашните институции и во соработка со стопанските комори но и со министерствата надлежни за оваа работа, да видиме што во следниот период треба дополнително да се преземе по однос на законски норми или примена на законски норми или дополнителни институции во тој систем, затоа што ценам дека виталноста на македонскиот монетарен систем но и надградбата со други институции кои што го создаваат кај нас овој економски и финансиски систем во Република Македонија заслужуваат признание за функционална пазарна економија и истото ќе биде навистина многу добра, суштинска оценка и препорака за нашата држава не само во контекст на постигнатото туку и во контекст што државата ги прави во регионален и европски смисол да привлече што повеќе директни странски инвестиции. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодрам.

Следен за збор господинот Гордан Георгиев, повелете.

**Гордан Георгиев:**

Благодарам, почитувана претседателке, почитуван Вицепремиер за европски интеграции.

Јас неколку пати до сега зборував на оваа тема и во јавноста и во Комисијата за европски прашања.

Ќе се обидам почитувани колеги малце да ја расипам забавата, бидејќи мислам дека како што почна и вицепремиерката Теута Арифи и колегата Антонио Милошоски, ќе влеземе во некаква фаза каде што ќе ги прејдеме темите да ги одредуваме и да ги означуваме со празни флоскули и нема да се задржиме на она што се случува околу нас и она што ја одредува судбината на оваа држава во следните неколку години. А тоа е нејзината перспектива во Евроатланските интеграции.

Јас и на други места кажав, милувам да зборувам за Извештајот. Убаво е да се дискутира за Извештајот за прогрес на Европската комисија, во вакво друштво во вака репрезентативен состав, но мислам дека не треба да пренапрегнеме и ова е место каде што се дискутираат тие работи, а тоа е што се случува во Република Македонија и каде Република Македонија оди, кој пат го фаќа Македонија. Во јавноста имаше многу критики за интервјуто на премиерот Груевски, кое никој не го спомнува сега, сега се обидуваме да го заборавиме, а тоа е човекот кој ја одредува судбината не само на вас колеги од власта, туку на сите граѓани на Република Македонија. Никој не спомнува дека во интервјуто експлицитно се кажа дека Македонија, според неговото мислење веројато ќе добие, како што го нарекував, негативен извештај за следната година и дека ако Европа не не сака, нека ни каже, ние ќе си бараме друго чаре. Сега јавноста се прави слепа и глува за овие груби зборови на премиерот, јас не ги негирам, тие можеби се легитимни за премиер на држава, но треба да разговараме и ова е местото, ова е фокусот каде што треба да се разговараат тие теми, но гледам дека никој не милува да ги разговара.

Веќе ни се случува ден после интервјуто на премиерот Груевски разно разни писма, од разноразни организации, овде има претставници на граѓанскиот сектор, можеби некој од вас напишал писмо, каде што се фрлаат дрвја и камења по Европската комисија, по комесарот Фуле, обвинувајќи го дека тој е човекот што го бришел македонскиот јазик од Извештајот. Сакам да потсетам, знам дека ова е специфичен момент и е многу тешко да се биде во опозиција кога премиерот те обвинува дека си предавник и тоа почна. Сакам да кажам дека македонскиот јазик

не е избришан заради тоа што така милувал комесарот Фуле, туку затоа што оваа Влада со свесни политики, со инструмент на креирање на вештачка историја, антикоманија, споменици и разноразни брцања со прст на Европската унија и нашиот сосед Грција создаде атмосфера во која ќе владее националистички занес, во која клубот во кој сакаме да влеземе Европската унија се претставува како непожелен клуб за нас, бидејќи сите и играле пиперевка на Грција и доаѓаме во апсурдна ситуација кога премиерот после толку години така грубо однесување во меѓународните одоси и во внатрешната политика призна во едно интервју дека тој е слаб, тој е слабич, дека целата негова политика во последните години пропаднала визави Македонија во Европската унија и дека ние сега немаме што да правиме. Ова е драматично признание на еден премиер кој што цело време инсистира дека сме правеле реформи, Македонија ќе успее, Македонија мора да влезе во Европската унија како што сега слушаме, но човекот едноставно ни кажа дека ние немаме каде да одиме понатаму.

Тоа, ако почитувана вицепремиер и драги колеги не го сфаќаме ние на оваа маса, тоа значи дека немаме капацитет да видиме и да ја признаеме историската важност на овој момент каде што Македонија е на сериозна пресвртница. Јас се плашам дека целата оваа класична намештаљка, каде што разноразни организации се злоупотребени да пишуваат писма, како велат провладините медиуми, да го полнат сандачето на комесарот Фуле, не носи во една непријатна ситуација која наликува на политичката состојба од 90-тите години во Србија, во времето на Милошевиќ. Немојте да ги земате како претерани нашите оценки - иста е матрицата, ист е ракописот, исти се методите.

Сакам сега да предупредам со целиот ризик дека ова може да се врати како бумеранг и како политичар и како пратеник, да знаете што ќе ни се случува во следната година. Сите оние кои се во овој момент спремни да влезат во националистичката логика на премиерот Груевски ќе имаат одговорност за иднината на оваа држава. Сите вие од владеачкото мнозинство, сите вие претставици на граѓанските организации, независни интелектуалци, професори и тн., ќе имате одговорност што не сте го препознале овој критичен момент за Република Македонија вкучително и ние ако не зборуваме доволно гласно и ако не успееме да го смениме, ова би рекол хаотична националистичка состојба во Република Македонија.

Затоа, можеби ќе ми замерите што нема да зборувам за извештајот, не мислам дека можеме да зборуваме за извештајот и тоа како вели милозвучниот

глас на Милошоски што да направиме во иднина на тема на реформите. Кои реформи луѓе? Нам клубот каде што сакаме да влеземе Европската унија што сега се повеќе ќе почнеме да го мразиме официјално од страна на премиерот итн., ни вели дека во последните три години и тоа се гледа, евидентно е од секој извештај во последните три години дека прогресивно назадуваме визави реформите што треба да ги направиме за влез во Европската унија и да започнеме преговори. Во последниот извештај нотирани се катастрофални заостанувања во клучниот Аки или клучниот репер, а тоа се деморкатските процеси и тоа многу јасно се гледа, тоа не може да го негира никакво интервју, никаква пиперевка на премиерот Груевски. Овие слабости, ако сега ние ги сфатиме дека се некоја завера како што тоа го сфаќа премиерот кон Република Македонија, кон таа праведна држава што се бори за правдини, ние ќе одиме само назад и навистина ќе се остварат злокобните предвидувања на премиерот дека следната година нема да добиеме преодна оценка или покана да започнеме преговори, дури и ако го решиме спорот со името. Ете, спорот со името очигледно не го решаваме, притоа премиерот на Викиликс призна дека тој прифатил промена на името, а сега не лаже сите дека е голем патриот, таа приказна прилично е очигледно како да се развива. Немојте да се правите наивни и глуви колеги, да ни кажувате флоскули дека не разбираме што се случува.

Многу колеги во Собранието од владеачкото мнозинство цело време на комисии повторуваат велејќи дека ние сме проевропска партија, одиме напред кон Европа, но вие не го слушате тогаш гласот на премиерот кој е врховен командат на вашата партија. Претпоставувам дека е така.

Затоа, почитувана вицепремиер, не знам како вие ќе се поставите во иднина, јас многу ве почитувам и претпоставувам дека ги делите овие работи и ова мислење со мене, но нам ни требаат заеднички сили да го пребродиме ова несреќно интервју, ова несреќно претставување на иднината од страна на премиерот Груевски. Затоа, да не се лажеме повелете земете збор колеги од граѓанскиот сектор и независни интелектуалци, да видиме кој е вашиот став, сега треба да се декларирате, сега е моментот кога треба Македонија да се знае кои луѓе биле од оваа страна на линијата, а кои луѓе во овој критичен момент биле од другата страна на историјата или иднината. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Предлагам бидејќи ќе има дискусија, бидејќи никогаш не сме поминале без дискусија, да одиме само со една реплика, кој прв се јави за дискусија, меѓутоа, да не се претвориме во дискусија на реплики.

Повелете Милошоски, а потоа Мирчев се јави за збор.

**Антонијо Милошоски:**

Јас ќе бидам со кратка реплика бидејќи бев спомнат. Само накратко да кажам, мислам дека погрешна е дилемата или тезата дека ние во Македонија треба да се делиме во однос на овој извештај. Нема човек присутен на оваа маса денес и расправа, на кого што политички и личен приоритет не му е напредувањето на Република Македонија кон Европската унија и нашето што поскоро зачленување во Европската унија. Нема релевантен политички фактор во Република Македонија ниту меѓу тие од граѓанскиот сектор, ниту меѓу тие од политичкиот сектор, кој не ја поддржува идејата за реформи и за нашето добро, но и реформи кои исто така значат достигнување на европскtие стандарди. Сите ние како граѓани и како политичари сме свесни дека самиот висок процент на поддршка од страна на граѓаните за членство во Европската унија е доказ дека во Македонија нема евроскептицизам, колку евроскептицизам што има во одрени земји членки на Унијата на Европската унија каде што веќе не е опортуно да се говори и да се биде политичар кој се залага за приоритет на проширување на унијата. Македонија има поголем евроентузијазам во себе од одредени земји членки на Европската унија и затоа сметам дека не треба политичката диоптрија власт - опозиција или искрениот и отворен разговор, па и критика кон Европската комисија да се третира како нешто што не смеело да се случи, како забранета тема и како нешто што треба нам сега дополнително тука да ни создава линии на национална, општествена или друга поделба. Мислам дека треба да признаеме дека основниот проблем и пречка кој што е создаден од страна на една земја членка на Европската унија, за жал соседна Грција воопшто не е европски, и дека основниот проблем сме се обидувале како држава, како политичари, како институции, да му пријдеме и да го решаваме во изминатите 20 години. И во изминатите 20 години Република Македонија покажала, и дека е конструктивна, и дека е добронамерна, и дека направила одредени концесии и уставни оставки и во однос на измена на законот, и во однос на иницијативи кон Република Грција во однос на отвореност за дијалог и комуникација преку посредникот Нимиц, но за

жал соседна Грција од свои добро познати причини сметам дека сеуште упорно и тврдоглаво го држи во заложништво самиот процес на проширување на унијата со нашата земја, а истовремено му наштетува на угледот на Европската комисија.

Затоа, почитуван колега Георгиев, јас сметам дека дилемата дали одиме или не одиме кон Европската унија не е дилема на Република Македонија, бидејќи ние се движиме во тој првец, но прашањето на брзината на пристапување на Република Македонија кон Европската унија не зависи исклучиво од нас, зависи од два други фактори. Првиот фактор е факторот на способност да се биде попрагматичен во официјална Атина и вториот фактор е расположението и околностите во самата Европската унија која во овој момент не е толку со толкав ентузијазам посветена на проширувањето колку што беше пред 10-15 години. Мислам дека отвореноста меѓу партнерите кои соработуваат, отвореноста и со Европската комисија таму каде што сметаме дека треба да се упати забелешка не е никаков грев, не е ништо што не може да се замисли да се случи, затоа што партнерите на крајот на краиштата треба да бидат меѓусебно отворени. Некогаш тоа ќе се случи преку јавно обраќање, преку јавна критика, некогаш ќе се случи преку дипломатска комуникација, но сигурен сум дека ќе се согласите дека самата Европската комисија направи многу погрешна проценка со самото тоа што подлегна на притисокот на една земја членка да не ја употребува придавката македонски во однос на македонскиот јазик или други културни и општествени особености во нашата држава. За жал со таквото постапување самата Европската комисија се доведе во една незавидна ситуација и мислам дека ова случување може во сенка да фрли одредени и посуштински теми кои ние би можеле денес да ги расправаме, како земја што разгледува сериозно еден извештај на комисијата или посуштински да навлеземе во одредени реформи, ако Комисијата и Европската унија создадеа услови за почеток на преговорите со Република Македонија.

Затоа, сметам дека дилемата проевропска или неевропска Македонија не важи за македонското општество, бидејќи во Република Македонија и по политичкиот систем и по реформите и по културната припадност и по односот кон Европската унија и по поддршката од самото граѓанство очигледно е дека кај нас има сериозен потенцијал и волја Македонија да напредува кон постигнувањето на европските стандарди и зачленувањето во Европската унија дококлу тоа се случи според европски принципи и не бараме ништо повеќе во тој однос, освен едно должно почитување како држава, како народ, како граѓани кои си имаат свои

особености и сакаат со истите да дадат една нова вредност и придонес во европскиот културен мозаик. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

За реплика се јави господинот Георгиев, повелете.

**Гордан Георгиев:**

Само една реченица. Колега, токму тоа го кажав дека огромен број од мнозинството македонски граѓани Албанци, Македонци, Турци итн., се за Европска унија. Тоа го тврдам од првиот ден дека најголемиот евроскептик во државата се вика Никола Груевски лично и персонално. Ова е културна маса овде што седиме, на оваа маса, во оваа сала најголем број од луѓето немаат никакви дилеми околу тоа дека Македонија треба да ги направи реформите, вклучително и вие претпоставувам, дека треба да се избори за своето достоинство, идентитет, јазик итн., и дека треба да влезе во Европската унија во име на повисоките идеали, во име на идните генерации. Но човекот чие интервју очигледно добро сте го читале, бидејќи веќе почнувате да аргументирате со неговите аргументи е најголемиот евроскептик во Република Македонија и тој како премиер на оваа држава и мој премиер за жал признава во интервјуто, дека не е способен да оди понатаму, дека не знае каде оди бродот наречен Македонија.

Инаку, се разбира белки не имплицира дека Грција е крива за сите работи што се случија во Македонија во изминатата година што се нотирани во извештајот, бидејќи импликацијата од вашиот говор е дека Европската унија треба малтене да се реформира и да сфати дека не треба да и игра толку пиперефка на Грција, а вие игнорирате дека во Македонија се случува голема сиромаштија, се случува уништување на демократијата, затворање на медиуми, апсење на неистомисленици, се случуваат убиства и потоа не се има никаква одговорност за тоа, корупција итн., да не правам муабет.

Почитувани, ако сакате, ако навистина сте ероскептици сменете го Никола Груевски, направете му внатрешен пуч. Било кој од масава овде од ВМРО ДПМНЕ може да биде и ќе биде подобар премиер од Никола Груевски и повеќе проевропски премиер од Никола Груевски. Тоа е ваша должност да го направите во овој момент, бидејќи после сите ќе бидете во истиот кош дека сте легитимирале во специфичен историски момент во Република Македонија, сте ја

легитимирале оваа антиевропска националистичка погубна политика за Република Македонија. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Следен за збор е господинот Мирчев.

**Димитар Мирчев:**

Уважена претседателке, јас очекував дека ќе го предупредите претходниот дискутант на обврските што ги има и од досегашниот Деловник и од овој што го имаме пред нас, бидејќи треба да се придржуваме до дневниот ред, на дневниот ред е прво извештајот на Европската комисија, не интервјуто на Никола Груевски. Претходниот дискутант самиот рече дека нема да дискутира за Извешајот. Мислам дека требаше да го предупредите дека се дискутира за Извештајот.

**Радмила Шекеринска:**

Ама тогаш би требало и сега вас да ве предупредам затоа што зборувате за дискусија на друг. Затоа водам сметка да бидам парламентарна и да дозволам да каже секој што мисли.

**Димитар Мирчев:**

Ова се две, три мои напомени.

И второ, мислам дека во досегашниот тек на дејноста на Националниот совет бевме изградиле една одговорна култура во дискусии итн., воопшто до сега не беше употребувана уличарска терминологија дека ние сме овде едно друштво, дека ни се расипува забавата и слично. Ве молам, барем јас не сакам да седам и да учествувам во такви расправи. Термините национализам, предавници итн., не се карактеристични тука. Треба да се води сметка дека ова не е дел од Собранието каде што се спротивставува опозицијата на позицијата, туку ние сме Национален совет. Има разлика меѓу мене кој немам имунитет и не можам да употребам било каков термин и господата или госпоѓите што се пратеници и имаат имунитет и затоа треба да се води сметка. Ова се само напомени.

Во однос на извештајот мислам дека Националниот совет треба да го поздрави овој извештај, да ги констатира неговите генерални позитивни оценки за движењата во Македонија и напредокот во текот на изминатата година, заедно со препораката за почеток на преговорите.

И второ, мислам дека треба да задолжиме или да замолиме можеби Владата по овие 35 делови, поглавја, да изготви своја оценка и препорака. Значи оние препораки што органите на Владата, државни управни, административни и слично, треба да направат во наредниот период за да се сретнеме со оценките кои се дадени во Извештајот. Дел од тие оценки мислам дека не ја рефлектираат вистинската состојба во Република Македонија, особено немаат за репер она што се случува во други земји членки на Европска унија, или пак кај кандидатите, кај асоцираните членки или пак во регионот. Да кажам само неколку примери. Во економските критериуми каде што се говори за јавниот долг утврдено е дека зголемено за 3% во изминатиот период, значи од 57 на 60%, станал како учество во општествениот бруто продукт. Меѓутоа, тој процент е апсолутно понизок од две третини од членки на Европска унија и од речиси сите околни земји вклучувајќи ги кандидатите. Што значи дека тоа е неповолен, туку е индикатор дека трендовите во Македонија се стабилни и позитивни. Истото тоа се однесува на степенот на инфлација што е забележен тука во негативна конотација. Да кажеме утврдено е дека од 1,6% во минатата година во првото полугодие е зголемено на 3%. Меѓутоа 3% инфлација нема на Балканот и е многу ретка кај членките на Европска унија. Што значи дека смислата на оценката треба да биде  обратна. Земете го прашањето на Ромите каде што има доста неповолни оценки. Меѓутоа сите извештаи кои се однесуваат на реализација на целите на Декадата на Ромите ја ставаат Македонија некаде на врвот на земји што ги почитува и што ги унапредува правата и позицијата на Ромите. Има дури и нелогичности како што е дека во специјалните училишта во Македонија, училиштата за специјални потреби имаат премногу ромски деца, што е педагошки гледано, јас  сум професор нели,  една чиста глупост бидејќи излегува дека или треба да го смалиме бројот на ромски деца во школите за специјални потреби или пак да го зголемиме бројот на деца од други етнички заедници, за да се изедначат со Ромите. Пазете бројот на деца со специјални потреби воопшто нема врска со етничката припадност, туку има врска со социјалните услови, демографски, репродуктивен итн. кои се однесува на тие деца како што се развиваат. Така што сакам да ви кажам неколку примери каде што оценките од Извештајот не одговараат на вистината, апсолутно се разликуваат оценките макар што не се негативни или недоволни во делот на небулозните критериуми каде што Извештаите на Светска банка, на ММФ, па и на други економски меѓудржавни асоцијации се апсолутно на попозитивни,  отколку оценките што се тука. Меѓутоа ние ништо не можеме да направиме во однос  на

корегирање на овој Извештај, ние можеме да ги прифатиме, треба да го прифатиме. Треба да се предложи една сериозна анализа на она каде што реализација на овие забелешки може да ни помогне, во натамошниот напредок и јас тоа го предлагам. Благодарам.

**Радмила Шекеринска**:

Благодарам.

Следен за збор е госпоѓата Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева**:

Благодарам претседателке.

Задоволство е да се дискутира за Извештајот на Европската комисија во присуство на преставниците на Канцеларијата на Европска унија, мило ми е да ги поздравам, и како со години наназад што беа сведоци на нашите дискусии и еве и денес се сведоци на дискусии кои што не беа својствени при претходното разгледување на извештаите. Но нормално е тоа според мене и е резултат на фрустрациите на граѓаните на Република Македонија бидејќи по трет пат Македонија добива позитивен Извештајот, меѓутоа немаме датум за преговори, не отпочнува тој процес на отварање и затварање на поглавјата и со тоа се создаваат поголеми тензии во општеството, уште повеќе што во Извештајот на Европската комисија се губи и во овој Извештај воопшто не се спомнува придавката македонски, дури ни за јазикот на државата. Ќе се согласите дека ако Обединетите нации немаат проблем со употребата на придавката македонски, ако во Обединетите нации македонскиот јазик е службен јазик на Република Македонија нормално е да има фрустрации кај граѓаните на Република Македонија, нормално е и граѓанскиот сектор и сите граѓани на Република Македонија да се побунат од ваквиот однос кој што долева масло на односите кои што ги имаме со јужниот сосед и кој што не оди според мене во прилог на изнаоѓање на взаемно прифатливо решение со нашиот јужен сосед бидејќи ја става Република Македонија малку подредена позиција на извојување на нејзините права. До сега колку што се сеќавате постојано кога доаѓаа извештаите кога разговаравме за Европска унија, најпрво по ред повеќе години се велеше дека не постои таков критериум името да биде решено и тој невидлив критериум постојано кој што висеше над нас стана веќе основен критериум за влез на

Република Македонија, односно за отпочнување на преговорите и нормално влез во големото европско семејство и оттаму се огромните фрустрации кај севкупното граѓанство и затоа јас би апелирала до нашите преставници овде на Европска унија, на Канцеларијата на Европска унија во Република Македонија да го пренесат, верувам единствениот наш недвојбен став дека Република Македонија треба да добие датум  се преговори во декември и тоа треба да биде наша препорака до Европскиот Совет. Единствено на тој начин може да се помогне на само за давање уште поголема сила за продолжување на реформите, туку во една многу порелаксирана атмосфера да се одлучува за изнаоѓање на взаемно прифатливо решение со нашиот јужен сосед,  а не во една ваква позиција кога Република Македонија буквално е втерана до  ѕид и се чувстуваат сите граѓани на Република Македонија дека до колку не се прифатат ултиматумите кои што доаѓаа  до сега од страна на само на Грција, сега повидливо е од страна на Европската комисија дека Република Македонија нема друг излез и оттаму јас ги гледам и фрустрациите кои што денес добија еден свој посебен лик кој што е несвојствен од Национален совет за евроинтергации. Јас само можам да укажам на тоа дека ние како парламентарно мнозинство имаме една и единствена цел, да работиме напорно, да ги исполниме сите критериуми кои што се бараат од нас, како што тоа го правевме и до сега, Република Македонија да стане дел од големото европско семејство. Наша цел се НАТО и Европска унија, наша цел се и понатаму спроведување на реформите кои што се интерес на сите граѓани на Република Македонија кои што ќе не однесат многу блиску до Европска унија. Јас се гордеам со тоа што имам по трет пат позитивен Извештај. Тоа е доказ дека сите заеднички добро сме си ја сработиле работата. Во секоја земја која што е и членка на Европска унија има многу слабости во сите сектори, не само во Република Македонија која што  е претендент за членство во Европска унија  и тоа треба да го сфатиме како нормална работа и не треба да фрламе дрва и камења најмалку во овој момент едни спрема други. Нема потреба од ставање на линии на поделба, изјаснување кој е сега на едната , кој е сега на другата страна. Најмалку тоа и треба на Република Македонија. Тоа оди во прилог само на оние кои што не сакаат Република Македонија да биде дел од големото европско семејство и да се реши проблемот со нашиот јужен сосед. Не  е добро за нас да се обвинуваме дека македонскиот јазик и избришан не  од Европска унија туку заради националистичкиот занес во Република Македонија. Ова е момент кога и Национален совет за евроинтергации е место каде што нашите политички

разлики треба  да ги оставиме на страна во однос на поимањето како кој постапува, туку треба заеднички да се обединиме околу нашата заедничка цел, а тоа е Европска унија и НАТО. Ако е наш стратешки заеднички интерес Европска унија и НАТО, тогаш нема потреба од вакви квалификации дека сме антиевропски, националисти, дека погубни политики и најголем евроскептик е Никола Груевски кој не знае каде оди бродот наречен Македонија. Ќе се согласиме сите дека овде дискутиравме со години за исполнување на критериуми за Македонија да добие визна либерализација, да добие позитивен Извештај и дајте да дискутираме во тој дух, бидејќи резултатите од тоа што заеднички го сработувавме доаѓаа. Сега да се устремиме на тоа што е напишано во Извештајот на Европската комисија, во забелешките кои што се дадени, да си дадеме сила едни со други, со тоа што имаме признание дека сме ги исполниле политичките критериуми кога станува збор за изборите, кога станува збор за политичкиот дијалог. Да позборуваме за тоа дека бојкотот на било која политичка партија во момент кога Република Македонија е прецедент за членство и штети на земјата и не би требало во иднина да се повторува, бидејќи одземеа од севкупната национална енергија и тоа јасно се покажува и во Извештајот и во посебно ултиматумите кои што без испорачувани од улица за предвремени избори кои што нормално требаше да бидат прифатени од власта, доведоа до тоа да се забават процесите на реформите. Меѓутоа сите заеднички понатаму продолжуваме да работиме на реформите и имаме одлични оценки во многу сегменти кои што беа спомнати. Се согласувам за тоа дека имаме слабости. Ако немавме слабости тогаш немаше потреба од понатамошно спроведување на реформи. Значи ние треба да продолжиме и понатаму со реформите, меѓутоа  треба да продолжиме единствени. Повторно ќе кажам без обвинувања, повторно да погледнеме на позитивните работи кои што се дадени во Извештајот, но да погледнеме  и на слабостите кои што ги имаме. Добро е тоа, Владата на Република Македонија веќе е на крај во заклучна фаза со акциониот план кој што треба да ги дефинира сите активности до крајот на месец мај. Тоа значи многу скоро повторно ќе видиме и ќе разговараме за тој акционен план и што се треба да преземе по  Извештајот на Европската комисија и тоа многу јасно ја кажува волјата на парламентарно мнозинство, волјата на премиерот на Владата на Република Македонија  да се продолжи со реформите и да се погледне на се она што препорачано од страна на Европската комисија. Но во исто време не може да станеме слепи и да не кажеме дека јасно е незадолството од  сите  граѓани на Република Македонија

дека испуштена односно намерно не се употребува придавката македонски и тоа е спротивно на европските принципи  и принципите на кои што почива Европската унија. И затоа мораме да укажеме дека тоа во иднина треба да биде променето и Европскиот совет исто така да испрати една позитивна порака до Република Македонија да се отпочнат преговори за членство и повторно ќе кажам дека во многу порелаксирана атмосфера дека ќе продолжи тој процес на преговори со нашиот јужен сосед, меѓутоа и во многу порелаксирана атмосфера да продолжиме да работиме на реформите и овде во Република Македонија. Бидејќи начинот кој се повеќе се наметнува  од страна на опозицијата, од страна на некои пратениците, квалификаците кои што се даваат не одат во прилог на нашата европска агенда и не одат во прилог на резултатите кои што заеднички треба да ги оствариме.

Јас благодарам на излагањето на госпоѓата Теута  Арифи на тоа што веќе се работи  националната програма за идната година. Знаеме дека во претходните периоди, имаше дури и доцнења кон првата третина или четвртина од наредната година, од годината која што доаѓаше дури и ја разгледувавме програмата која што требаше да ја реализираме таа година, сега еве имаме овде изјава од госпоѓата Теута Арифи дека до декември Националната програма за идната година ќе биде готова. Тоа јасно зборува се реформската определеност на Владата  на Република Македонија и тоа јасно зборува за тоа дека јасно продолжуваме кон нашата стратешка цел, а тоа е Европска унија и НАТО. Парламентот на Република Македонија, граѓанскиот сектор, сите граѓани на Република Македонија, сите ние кои што сме преставени овде во Национален совет за евроинтеграции треба тоа да биде наш врвен приоритет и треба да работиме согласно Националната програма која што ќе ни биде дадена и Акциониот план на кој што сите заеднички понатаму, нели кога ќе пристигне ќе го обликуваме и ќе си ги дадеме задачите еден со друг. Би апелирала да престанеме со меѓусебно обвинување, не е време кога граѓаните на Република Македонија внатре треба да се делат и треба да се обвинуваат едни со други, туку е време за национално сплотување, време кога заеднички треба и  понатаму да опстоиме на патот по кој што сме тргнале и на кој што не обврзале сите граѓани на Република Македонија кои што гласале и за левите и за десните сили во Република Македонија. Благодарам.

**Радмила Шекеринска**:

Благодарам.

За реплика е јавен господинот Гордан Георгиев, повелете.

**Гордан Георгиев**:

Еве, полу процедурално, полу вистинска реплика бидејќи малку има што да се реплицира освен последниот дел каде што треба да се обединиме. Очигледно веќе повикот за обединување кои што ние го предвидовме уште на 8 Септември како ќе биде, очигледно сега е на сила вклучително и на оваа маса. Јас кажав дека полупроцедурално ќе се јавам за збор, затоа што претходните двајца дискутанти повторно со полни усти флоскули се обидоа да ја девалвираат мојата дискусија потсетувајќи на убавите идилични денови кога овој Национален совет за евроинтерграции дискутирал на културно ниво како што велите, дискутирал за убави работи, дискутирал за прогрес итн.

Почитувани колеги, јас не мислам дека денеска и дека овој Совет кој што е најзначајното тело во државава во моментот кој што треба да се дискутира за перспективите за Македонија во Европска унија и во европските интеграции не мислам дека треба да дискутира во флоскули и да ни кажувате вие, да ја убивате дебатата бидејќи тоа ви е идејата очигледно, на сите претходни говорници, туку треба да дискутираме овде и сега за клучните прашања кои што не засегаат. Она што јас го кажав можеби боли, можеби ја нарушува комоцијата на седење во овој совет и членување во овој совет јас не мислам дека после ова ние треба да испиеме шампањ и да јадеме јагоди, туку треба сериозно да седнеме и да разговараме каде оди оваа држава. Ако некој на оваа маса не е спремен за тоа да разговара, тогаш или јас ќе ја напуштам или тој треба да ја напушти масата бидејќи овде е навистина таа точка што треба да разговараме.

Само да му кажам и на професорот Мирчев кој милува да зборува за ромските прашања, професоре вие сте дел во овој Совет и имате одговорност како интелектуалец, како либерал по идеологија. Потсетете се само на времињата на Ана Михник, на Вацлав Хавел и ќе ви текне што значи одговорност да се кажат работите така како што се во едни критични историски моменти за Република Македонија. Благодарам.

**Радмила Шекеринска**:

Благодарам.

Госпоѓата Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева**:

Само на кратко, само една реченица. После Извештајот почитуван колега, овде на масата Национален совет за евроинтерграции никој не треба да ја напушта масата, никој не треба да ги напушта дискусиите. Сега ни следува Акциониот план од Владата, Националната програма и сите заеднички многу конструктивно треба точка по точка да го разгледуваме Националниот план, да го надградуваме, да си ги дадеме заеднички задачите кои треба да ги извршиме во наредната година се со цел Република Македонија сите заеднички да ја придвижиме напред.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам госпоѓо Бонева.

Дозволете ми да земам збор бидејќи дискусијата веќе тргна па нема да чувствувам проблем што и јас се вклучувам.

Многу интересна работа била носталгијата. Јас мислев дека тоа само во приватниот живот си дозволуваме, очигледно дека сакаме да бидеме носталгични по минатото и по професионалните обврски. Просто не можам да се изначудам како сега го цениме Националниот совет и тонот што сме го имале на некоја од седниците на претходниот состав. Колку што јас се сеќавам имавме подеднакво жестоки дискусии и мислам дека тоа не е проблем додека дискутираме со цел нешто да се подобри. А и јас ќе се согласам дека ако водиме сметка да бидеме наводно дипломатски а всушност ништо да не кажуваме, тогаш според мене, ова се сеќавам сум го кажувала минимум три пати во претходните состави, тогаш мислам дека Националниот совет нема зошто да постои, ќе си ги упатиме честитките преку камери и тука ќе заврши дебатата.

Јас ја имав истата дилема колку човек може да дискутира за еден извештај кој што од страна на првиот човек на Владата беше прогласен за неточен и овие денови слушаме ехо на таквите коментари. Знаете како, дури и кога Владата велеше дека Извештајот е коректна ревизија на тоа што е сработено прашање е дали секој ќе имаше политичка волја да го спроведе тоа што како забелешка стои

во Извештајот. Меѓутоа, ако имате ситуација во која Владата преку својот прв човек и соопштува на македонската и европската јавност дека забелешките во Извештајот не се објективни, туку дека била очигледна намерата Македонија да не добие четворка или петка, туку пониска оцена за да може да се критикува посилно, тогаш јас се плашам дека веќе нема предуслови за политичка волја некои работи да се менуваат. И ако постои една работа за која што сум загрижена, тоа е тоа отсуство на политичка волја да и се погледне на вистината во очи.

Прво би сакала да зборувам за суштината во Извештајот, а потоа за тоа како Извештајот го претворивме во негова спротивност. Мислам дека Извештајот претставува како и секогаш некој тип на рекапитулар на тоа што сме го работеле минатата година. Она што можеби ги изненади некои луѓе во власта е што за некои прашања Европската комисија е многу подиректна и попрецизна. Дали некој во оваа сала е изненаден од критиките за партизираното или неефикасно судство? Не. Дали некој е изненаден од оценките за неефикасноста и непрофесионалноста во голема мерка во одредени сектори на нашата администрација? Не. И притоа никој не влегува во анализа на тоа што е сторено да го прогласи за неточно. На пример, кога Европската комисија не потсетува дека законскиот основ за избор на судии во Апелационен и Врховен суд, кој што велеше дека одреден кандидат треба да има икс години работно искуство, дека повторно законодавецот го одложил за 2013 година, има овде некој кој не се согласува и вели дека тоа е неточно? Или сметате дека е добро кога судиите ќе бидат избрани на највисоките инстанци со ниту еден ден судски стаж. Овде сакам дури и да ја прескокнам Европската унија, сите доаѓаме во контакт со македонски граѓани и никој од нив не ми се пофалил дека е добра ситуацијата во судството особено не кај судии кои прв пат влегле во суд откако сме ги избрале, тоа е суштината и сега прашањето е дали за тоа Владата и ние ќе имаме одговор. За тоа ќе дискутираме тогаш кога ќе го разгледуваме Акцискиот план.

Прашањето на администрацијата во овој извештај мислам дека се третира многу подетално, меѓутоа кој во Македонија друг ни е виновен кога во Македонија во полицијата се примаат вработени без конкурс, кој Европјанин, кој комесар, кој сосед, кој политичар од опозицијата ни е виновен кога вели дека конкурсите, и тие некои што се објавени, се објавени и кандидатот е нацртан. Јас и на Комисијата за политички систем спомнав и овде сакам да го спомнам примерот како ќе го одбраниме фактот дека биолог беше баран на конкурс за прием во Кабинет на

претседател, или музичар беше баран на конкурс за статистичар во попис и мислам дека не треба да си ги потценуваме ни сопствените граѓани ниту оние што не набљудуваат, а притоа сакаат да бидат објективни.

Овие теми се теми на кои за жал се помалку се дискутира, особено откако премиерот го даде интервјуто. Практично целиот Извештајот падна во сенка на крупните политички пораки и сега самата одлука на пример на Владата во претходната Санино листа да стојат неколку чекори за подобрување на состојбата за медиумите и јас ја сметам за шминка кога го слушнав премиерот да каже дека состојбата во медиумите воопшто не е проблематична дека се работи само за перцепција и дека некој таму нам ни измислува проблем. Истото со Антикорупција. Кога Европската комисија тврдеше дека борбата со корупцијата добро напредува пред неколку години, тогаш аплаузи добиваше Европската комисија од страна на Македонската влада. Сега веќе нема многу политички неистомисленици кои можат со камера да се апсат, а притоа криминалот и корупцијата ни се случува и сега антикорупциската проблематика станува дупка во Извештајот. Би сакала да бидам оптимист, ама како да очекувам дека Владата ќе пристапи кон овие две прашања со желба да ги решава, кога самиот премиер кажа не ги прифаќа оценките. Не ги прифаќа, вели вие не сте објективни, сакате да не уценувате. Ова е првата моја загриженост.

Втората моја загриженост денес и во овој период е што слушаме на денешната седница два доволно различни тона. Не е невообичаено кога имате коалициски влади да има разлика во нијанси, ама сега тие разлики не се во нијанси. Ако од една страна го имате премиерот кој вели дека Извештајот на Европска унија не е објективен и вицепремиер кој тоа не го кажува, напротив, тврди дека е тој некој тип на огледало кое ги покажува нашите слабости, со што се согласувам, јас ја имам дилемата како ова прашање ќе го третира Владата. Ако за прашањето на името го имаме премиерот кој вели Европска унија е практично дел од проблемот и не сака да го реши, вицепремиерот вели Грција и Македонија треба да го решат и ќе се заложат да го решат прашањето, јас имам дилема како Владата со една политика ќе пристапи кон решавање на ова прашање и за жал се помалку одговори освен вакви интервјуа, апропо интервјуто кое мислам дека мора да го сметаме како политичка индикација што ќе ни се случува во следниот период, неколку пати, еве и овој пат ќе ја искористам приликата да препорачам на премиерот ако вакви крупни дилеми би се отвориле околу нашето можно членство во Европска унија, Собранието е местото каде што треба да дојде и за таа тема

да дискутира. Јас сметам дека дури е подобро некој декларирано да објави дека е евроскептик, па барем ќе знаеме за што разговараме, меѓутоа, од многуте флоскули за Европска унија ние денес се јавуваме во ситуација да сме дупло поподелени по прашањето на Европска унија отколку по сите други прашања и притоа се злоупотребува прашањето за да се покријат многу други вистински теми. Се вратив назад малку на некои од нашите претходни, што би рекле идилични седници на Национален совет за евроинтерграции, што беа се само не идилични и се потсетив дека во 2009 година сме ја воделе дебатата околу употребата на придавката македонски, особено околу употребата на терминот македонски јазик. И на таа тема тогаш зборував без намера многу да критикувам само да испратам една порака, дека и македонските политичари и македонските дипломати треба да бидат загржени заради тоа што не се споменува зборот македонски јазик. Знаете што добив  како одговор? Ниту едно писмо од премиерот, ниту една реакција. Единствено што добив е молк, бидејќи во 2009 година официјалната позиција беше ние сме големи победници добивме датум за преговори, препорака за датум се преговори, се друго ајде да заборавиме. И зошто денеска истите луѓе различно реагираат. Јас реагирам исто, како што тогаш реагирав и денеска велам дека не е добро и дека е тоа лоѓо и за Европска унија, за Македонија катастрофално. Меѓутоа ајде да не бараме секогаш виновници надвор од салава и надвор од државава. Моето убедување врз база на се она што слушавме и читавме во изминативе 6 години е дека македонскиот јазик придавката македонски, македонските позиции во спорот со името Владата на Груевски ги даде како жртва да отидат курбан заради процесот на антиквизација. Јас денес мислам дека имам право да имам различен политички став и да кажам дека таа проценка и таа политика не чини многу и е погрешна. Ако политиката се промовираше како политика со која македонските позиции ќе се зајкнат, Македонија ќе живее подобро нашите македонски чувства ќе бидат позаштитени и посилни. Денес доживува крах на таа политика и некои лекции мора да бидат научени, освен ако не е целта подели па владеј. Па сега ќе се делиме, бевме поделени по една основа, сега ќе се поделиме уште по 10 други основи. Сметам дека интервјуто на премиерот е загрижувачко заради тоа што покажува дека бегајќи од сопствената одговорност за погрешните политики кои ни се удираат до глава на сите нас, тој се одлучува  да ја прифати политиката на поделби, создавање на внатрешни и надворешни непријатели. Тоа се случуваше не само во Србија, тоа се случуваше во Хрватска, во многу други држави и секогаш беше

со катастрофални резултати за граѓаните. Некои политичари се спасија, некои завршија во Хаг, ама сите граѓани излегоа со куси ракави. И испадна дека тие политики на промовирање на бранители на државата на крај најмногу ја загрозуваат државата.

Би сакала уште една работа да кажам. Не се согласувам некој да дури ни премиер во оваа држава да ја крстува нашата држава како несакано дете. Со тоа не се согласувам и сакам денеска бидејќи е ова прва седница на Национален совет за евроинтеграции тоа многу отворено да го кажам. Оваа држава беше посакувано дете на многу генерации македонски граѓани, посакувано дете на денешнава генерација македонски граѓани. И не дозволувам барем јас така се почувствував некој па и со интервју на МИА да ме понижува.

На крајот дозволете ми да кажам дека 2012 би требало или требаше да биде навистина клучна година бидејќи можевме и можеме да добиеме почеток на преговори. Ќе се дискутира за нашето членство во НАТО и таа шанса ќе биде еднократна се до следниот пат. До колку овие трендови на внатрешни создадени кавги од страна на врвот ќе продолжат до колку продолжи ова создавање на атмосфера на лов на вештерки, јас се плашам дека 2012 ќе ни биде уште една изгубена година. Црна Гора ги почнува преговорите следната година, Србија која што немаше лесен пат станува земја кандидат најверојатно до крајот на годината, Македонија ја имаше предноста и неповратно ја изгуби. Сега треба да се бориме за шансата да се залепиме за првата група, а не да ја водиме и тоа е навистина по мене лош развој на настаните и секој кој што сака Македонија да ја види членка на Европска унија мислам дека со право треба да ги поставува овие прашања па макар и по цена да имаме различни мислења, па макар и по цена да имаме долги и тешки дебати. Подобро е овде да ги дебатираме отколку да се испраќаме ишарети преку медиумите и потоа да со тераме работа без разлика на тоа каков е резултатот.

Имаше многу што треба да се дискутира по поглавјата. Јас се надевам дека ќе имаме повеќе позитивна клима тогаш да дискутираме, меѓутоа факт е дека неколку теми имаме добра оценка и јас иако сум дел од опозицијата ми е драго кога ќе ги прочитам тие оценки, за економско и монетарната унија Европската комисија која, нели ја прогласивме за необјективна ни вели дека имаме добар прогрес, ни кажува дека имаме прогрес во енергетиката, од пред една или две години кога најголемите критики беа во тој сектор. Ни кажува дека имаме добар прогрес во делот на трговското право, сакаме да ги чуеме честитките, е не боли

кога ќе ги чуеме критиките. Колеги пратеници, европските извештаи се тука меѓу другото да не потсетат на реалноста која кога некои луѓе се на власт не сакаат да ја гледаат. Ви благодарам следен за збор е Тито Петковски, а повелете за реплика.

**Илија Димовски**:

Ви благодарам на можноста да одговорам на неколку тези за кои што се прилично неприфатливи за мене, во смисла не денешнава дискусија. Генералните оценки за Извештајот и за пристапот кој што треба Република Македонија да го има кон оваа проблематика ќе ги оставам за подоцна во делот на дискусијата. Овој пат само ќе осврнам на некои работи кои што беа посочени од претседателот на Национален совет за евроинтеграции. Иако убаво звучи, веројатно и убаво ќе звучи за дипломатите во Република Македонија од претседателот на Национален совет за евроинтеграции да ги слушнат дел од овие тези кои што беа кажани, меѓутоа не можам да го прифатам пристапот дека ние овде во Национален совет за евроинтеграции треба да бидеме единствено и исклучиво адвокати на Европска унија. Пред се нашата улога е да ги застапуваме и интересите на граѓаните на Република Македонија кои што за среќа во над 90% се со желба да стане Република Македонија дел од Европска унија, меѓутоа апсолутно врз база на заштита на основните права, врз база на заштита на идентитетот врз база на заштита на културната идентификација која што е основно човеково право на било кога. Затоа спомнувањето на отсуството на придавката македонски од страна на претседателот на Национален совет за евроинтерграции само во контекст на оправдување на некои свои позиции од минатото, за мене е апсолутно проблематично и морам да го истакнам овде со целото извинување со тоа што станува збор за претседателот на Национален совет за евроинтерграции со поголемо искуство во проблематиката во евроинтеграциите. Меѓутоа мислам дека по најмала рака ставот на претседателот на Национален совет за евроинтерграции требаше да биде во духот на ставот на сите спортски федерации, во духот на ставот на Струшките вечери на поезијата, на институтите на македонски јазик, институтите за историја итн. сите релеватни пент центри и друштва на писатели итн. поради тоа што тоа е единствениот начин на кој што ние како граѓани на Република Македонија можеме да покажеме дека апсолутно ни значи и односот и одговорноста кои што ги имаме ние спрема Европска унија. Меѓутоа ни значи и односот кои што Европска унија го има спрема Република

Македонија, спрема граѓаните на Македонија, спрема македонскиот народ, спрема македонскиот културен и јазичен идентитет. Затоа се неприфатливи оправдувањата кои што се користат во стилот на тоа дека биолог се вработил во кабинетот на претседателот, музичар се вработил во Државниот завод за статистика. Јас се извинувам, меѓутоа малку ми е дежаву оваа ситуација. Ние две години дискутираме за овие два примери, две години ги спомнуваме. Еве јас сум сигурен дека и сите колеги присутни овде па и преставниците на медиумите наизуст ги имаат научено овие два примери. Ако заради тие примери или ако заради такви примери Република Македонија не исполнува одредени стандарди според впечатокот на некои, дајте да донесеме закон, со закон да решаваме поединечни случаеви. Ние сме спремни, ако е тоа проблемот. Меѓутоа ако реално и објектвно ги компарираме госпоѓо претседател состојбите во Република Македонија, состојбите во другите држави кои што исто така добиваат вакви извештаи за својот напредок, и состојбите и на другите држави членки во Европска унија очигледно дека ќе е во одредени сегменти Република Македонија со овој Извештајот и беше пратена политичка порака визави нашиот односно грчкиот проблем со нашето име, а нашиот проблем со интегрирањето во Европска унија и НАТО. Затоа најмалку што треба да направиме е да се обединиме, не да се обединиме на тема за администрација, не да се обединиме на тема за енергетика, не да се обединиме на тема за економија, за монетарна политика. За тоа помалку е добро да се расправаме, многу е добро да имаме различни ставови, ќе се натпреваруваме, ќе креираме, ќе размислуваме итн. Меѓутоа по однос на основната насока, по однос на заштитата на основните човековите индивидуални права на граѓаните, по основ на заштита на колективниот идентитет на еден народ, ние не смееме и не смееме да си дозволуваме никакви оправдувања на бараме за да имаме различен став.

Затоа би апелирал, би замолил, посебно до Секторот за европски интеграции во Владата на Република Македонија да ни достават концепт, точки прецизно каде треба да се подобриме. Тоа сме го правеле и минатите години со тоа што од година во година станува се поефикасен, попрецизен, подисциплиниран. Јас би замолил оваа година уште да е попрецизно со уште пократки рокови. Динамиката која што Собранието ја испорачувало во досегашниот период е исклучително позитивна. Собранието меѓу другото е оценето како едно од позитивните точки во Извештајот.

Јас верувам дека сите сме спремни и ние како мнозинство сме спремни се што е нотирано како проблем во Извештајот се да разрешиме и на се да работиме во наредниот период. Меѓутоа доликува како достоинствени политичари избрани од овие граѓани а не делегирани од некои други да имаме прецизен и заеднички став по однос на клучното прашање околу кое што на крајот на краиштата се води целата дебата. Се извинувам ако мојата реплика беше малку подолга од нормалното. Се надевам дека ќе допринесе на градење на некој заеднички став.

**Радмила Шекеринска:**

Ви благодарам, па и на навредите, бидејќи мислам дека историјата ќе сведочи и ќе се знае кој каде бил во даден историски момент и на која страна. Задоцнетите патриоти се лицемери и тоа се покажало многу пати во историјата. Се прашувам каде бевте во 2009 година да се приклучите на мојот повик за единство за да се зачува македонскиот јазик. Или тогаш извештајот беше добар, требаше да се продаде во јавност и тогаш таквите ситници беа небитни. Во 2009 година никој од власта не коментираше на оваа тема. Во 2010 бидејќи веќе имаше критики во 2010 се смени.

Меѓутоа, првиот пат кога македонскиот јазик не беше во извештајот, опозицијата беше таа што го отвори прашањето без намера да дига тензии да го реферира и да каже на оние кои што се надлежни во оваа држава дека треба да го прошириме нашиот фронт на лобирање за македонските интереси. И сега вие кои што тогаш сте молчеле имате доблест, имате морал, имате етика да ми зборувате мене или на опозицијата дека сме туѓи адвокати. Овде има многу адвокати на ѓаволот, ама ниту сме ние такви адвокати, ниту јас Европската унија не ја гледам како ѓавол во Македонија. Ако мислите дека тоа е така, тоа треба отворено да се каже. Овој тип на поделби ја направи Македонија поделено општество. Еве како кажа премиерот. Ни ставаат пониски оценки бидејќи Комисијата сака да ни направи притисок. Еве што кажа исто во 2009 првиот претставник на ВМРО-ДПМНЕ што ми реплицираше кога дебатирав на тема на Извештајот. Вели вака - Европската комисија секогаш сме ценеле дека тие Европската комисија се искрени и точни. И сега на кое ВМРО-ДПМНЕ ние да веруваме. На ова што вели дека Европската комисија е искрена и точна или на ова кое што е идентично со 2007 и 2008 кога исто ја обвинувавте Европската комисија дека прави фризирани извештаи. Одредете се, одредете се. Тоа што вие

го немате вашиот став немојте да го решавате на тој начин што ќе не плукате и кај што треба и кај што не треба.

За прашањето на македонскиот јазик за прашањето на македонските национални интереси опозицијата може да биде само горда. Станавме земја кандидат без да се менува нашето уставно име. Станавме земја кандидат со извештај во кој стои македонскиот јазик. Станавме земја која и САД покрај Русија и Кина од Советот за безбедност ја прими под уставно име. И сега за тоа треба да се срамиме. Или треба да се срамиме заради тоа што градите уште не ни помодреле од чукање дека ние сме единствените патриоти. И вие сте патриоти. Се надевам имате исти чувства кон својата држава како што ги имам и јас. Ама јас имам обврска да ви кажам дека вашата политика е погрешна затоа што резултатите од политиката се погрешни. Сите ќе напишеме писма. Што се случи минатогодишните писма. Ќе си ја исчистиме совеста. Сите кажавме дека со ова не се согласуваме. Ништо не променивме. Нешто што може да промени е политика, паметна политика а не отфрлање, а вие се додворувате на Европската унија. Како се додворување не знам, како сме се додворувале на Европската унија, ама и македонски јазик и Македонци беа во извештајот тогаш. Треба да сфатите дека нешто не оди добро за да го промените и затоа зборуваме. Можеби е за џабе ама затоа зборувам. Благодарам.

Збор има господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:**

Благодарам госпоѓо претседател.

Почитувани колеги од Националниот совет, почитувани гости.

Мислам дека имаме обврска, некој рече историска обврска спрема сопствената држава и граѓаните на Република Македонија нешто сериозно да направиме во овој момент. Очигледно дека се наоѓаме во многу тешка ситуација. Вчера на некои од медиумите, некој парафразираше една индијанска поговорка дека ако сега не свртиме, сигурно дека ќе се вратиме од таму каде што почнавме. Значи ако сега не направиме нешто сериозно од оваа погрешна политика што дефинитивно се покажа дека е погрешна дека е погубна за државата може да се вратиме на почетокот од таму каде што тргнавме со амбициите да бидеме членки на НАТО и на Европската унија.

Овие последните тези на евро комесарот за проширување и одговорот на нашиот премиер говори дека во таа насока се движиме. Фуле рече дека ризикуваме ако продолжиме со оваа политика дека може да ни се одземе кандидатскиот статус, а премиерот веќе е сигурен дека 2012 немаме покана за почеток односно датум за преговори, што значи дека имаме запалено алармантно звоно. И ние треба да реагираме. Ако не смогнеме сили овој Национален совет, тогаш веројатно политичките партии позиција и опозиција нема многу да направат. Зошто мислам така. Затоа што овде во Националниот совет се избрани практично претставници на сите општествени структури. Ова е најрепрезантативниот состав. Покрај сите релевантни политички партии овде се синдикатите, работодавачите, невладиниот сектор, верските заедници, значи се она што ја чини целината на македонското општество и тоа е местото каде што најотворено и најодговорно треба да разговараме за иднината на државата.

Од 2007 година ако земете наваму за извештаите говориме како за рутинска работа, па се надмудруваме дали ова зборче оваа квалификација или дисквалификација дали ни дава, дали не фали или не навредува итн. Точно јас сум дел од оние граѓани кои што се страшно многу навредени од фактот што не се спомнува македонскиот јазик бидејќи тоа говори и за сериозниот однос на Европската унија кон оваа политика, а не кон македонската нација и кон Македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија. Бидејќи во континуитет тие имаат доследна политика. Значи ние од 2007 година водиме политика која не одалечува од Европската унија а не не доближува. Сега можеме да се надмудруваме кој е виновен за тоа па кој кога што рекол. Но факт е дека оваа политика не поминува во Европската унија и нешто треба да се менува.

Амбициите овде што ги слушнав поготово на чело со премиерот, или моите почитувани колеги од парламентарното мнозинство дека ние ќе ја промениме Европската унија, ќе ги промениме критериумите, стандардите, методологијата. Тоа ми личи на Мартин Треневски кога говореше овде во оваа иста сала дека тој ќе го реформира НАТО. Ако сака демек Македонија да биде членка на НАТО го праќаат во Брисел за да го реформира НАТО. И кога го прашуваат премиерот дали се согласува со една таква политика, премиерот одговара па тоа е негово мислење, тоа не е политика на Македонија и претседателот на државата кој што праќа амбасадор таму, тоа си е мислење на Мартин Треневски. Значи илузија е почитувани колеги дека ние може да го промениме и НАТО и Европската унија. Ние треба да се прилагодуваме, да имаме политика која ќе ни подотвора врата.

Таму во Брисел на влезната врата на Македонија во Европската унија стои Грција. И, сега кажете и како да го решиме проблемот, како тие малку да се тргнат на страна за да ние влеземе. Ја подржуваат и САД ја подржува и Европската унија во напорите за решавањето на нивниот проблем со името. И што правиме сега? Три пати му го поставувам на премиерот прашањето, како пратеничко прашање.

Очигледно дека Грците не попуштаат. Не попушта ниту Европа, не попушта ниту САД. Не не подржуваат нас. Ја подржуваат грчката политика. Што правиме ние? Во 2007, 2008 премиерот говореше и неговите медиумски подржувачи за некоја алтернативна политика, ама ние не ја слушнавме таа алтернативна политика. Која е алтернативата на Македонија. Реторички останува НАТО и Европската унија, ама дефакто не одалечува од НАТО и Европската унија. Значи ние имаме сериозен проблем со себе, со самите себе. Не се Либан. Не е никаква навреда ако кажам дека само популистичката политика на Груевски со желба да задржи власт бидејќи тоа најдобро се лепи за увото на обичниот човек не доведе до ова дереџе. На националистичката политика на Грција да одговорите со македонски национализам, тоа е самоубиство, тоа не е решение. Што му понудиме на цивилизираниот свет на Европа и на американците за да ги убедиме дека ние сме поголеми наследници на античката историја од Грците. Значи само си навлековме проблем итн, да не набројувам многу примери.

Сакам нешто да предложам. Бидејќи како одминува времето Македонија се повеќе се одалечува од Европската унија. Сега збора на сите овие во извештајот што стојат прашања ќе ни се надрврзе и пописот ќе стане нов услов. Како ќе го решаваме не знам. За сега немаме никакво наговестување од власта. Ниту занеме дали ќе имаме попис итн. и кога ќе се одржи. Значи се мултиплицираат негативните оценки за Македонија и состојби и ние само можеме да имаме повеќе проблеми, помалку проблеми нема да имаме.

Затоа сакам да предложам уште во изминатата година молев премиерот Груевски да дојде на една седница на Националниот совет можеби првата наредна седница и во овој состав со сите претставници на македонското општество да поразговараме кои се излезните решенија. Јас не верувам дека и во оваа сала и оние што ние ги претставуваме дека има луѓе кои не сакаат Македонија да стане членка на НАТО и на Европската унија односно сега кога разговараме за Европската унија. Прашањето е како. Имаме различен пристап околу тоа.

Еве ќе спомнам. Предложивме 2008 декларација за обезбедување на македонските национални интереси за доближување до Европската унија и за решавање на прашањето со името. Го задолживме премиерот и претседателот на државата да ја подготват стратегијата. Мислите некој, не напиша ниту еден збор, игнорантски однесувајќи се рекоа дека тоа не е многу битно, тие нека си зборуваат - опозицијата, ние ќе си ја тераме нашата. А сега говори за единство. За кое единство? На оваа политика да се обединиме. На политиката на премиерот? Таа е погрешна. Еве гледате нема резултати, нема никакво доближување. Значи да дојде овде со овој репрезентативен состав на македонското општество најодговорно да поразговараме каде оди Македонија. Очигледно оди во погрешна насока и тогаш да се договориме за една заедничка политика која ќе ја претставуваме. Кога говорам заедничка политика за евро атланските интеграции, тогаш да дишиме како еден организам и позиција и опозиција, а не дисонантност која само служи и на грчките интереси а Македонија ја одалечува од Европската унија. Значи со еден одговорен однос и во еден отворен дијалог прво ако треба да добиеме и некои аргументи од власта дека оваа политика навистина е добра и резултира. Како што гледате нема ништо од тоа и дека е погрешна политиката на премиерот видовте во Извештајот на Европската унија. Таа ја цени како погрешна. Не случајно е спомната надежта, малку зракот на надеж во вицепремиерот задолжен за евроинтеграции, бидејќи нејзината политика за сега се разликува од политиката на премиерот, меѓутоа неговата политика проаѓа. Тој стои на чело на Владата и тој стои на чело на државата, бидејќи тој ја води државата, а не претседателот на државата. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Следен за збор е господинот Хасипи, господинот Пешев, па Љабеништа, Живко Митревски и тука ја затворам седницата.

**Кенан Хасипи:**

Јас ќе се обидам да бидам што е можно пократок, со оглед на фактот што и при предавањето на извештајот од страна на госпоѓата Александра Крас Грање и на седницата на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, малку подолго го искажав моето мислење во однос на извештајот.

Јас му се заблагодарувам на господинот Гордан Георгиев што ја расипа забавата инаку не ќе имавме вакви настапи доколку не беше неговиот настап.

Јас моето искажување ќе го започнам со две мудрости кои што се искажани од страна на мудреци на нашиот јужен сосед, кој за жал не извлекол поука од тие мудрости.

Првата мудрост е: мудрецот иако со многу нешта што ги искажавте му вика на својот пријател не се согласувам со вас, од петни жили ќе се борам да го искажете вашето мислење зошто тоа е суштина на демократија. Прашање на вкус со какви зборови ќе се искаже различито мислење. Може тоа да биде на еден агресивен начин, може тоа на начин кој што е својствен на дипломатскиот тон, меѓутоа факт е дека мораме да имаме различни мислења за работите да тргнат напред.

Втората мудрост која по мене е многу побитна е оваа и од која ние треба да извлечеме поука, вели - мене  не ми треба пријател кој што во се се сложува со мене и во се клима со глава оти тоа многу подобро може да го направи мојата сенка. Значи независно што ние сме дво милионска држава, ние сме партнери на Европската унија со желба да бидеме идни членови на тоа европско семејство со сите наши етно култирни специфичности и карактеристики. Оттука сите извештаи што ќе ги добиваме, мораме да ги разгледаме низ еден критички тон и еден критички осврт. Меѓутоа за волја на вистината ова тело е Собраниско тело и при поднесувањето на извештајот од страна на Александра Крас Грање ние имавме една писмена изјава на претседателот на Собранието кое што е многу индикативно кое што не вели дека ние не го прифаќаме извештајот на Европската унија дури напротив вели дека недоследно ќе се обидуваме во текот на наредната година да работиме интензивно на прашањата кои што се нотирани како недоволен напредок во остварувањето на задачите што ни се поставен од страна на Европската унија. И вели годинешниот извештај како и досегашните е објективен приказ на сите оние позитивни промени кои сме ги направиле но и прашањата и сверите на кои во иднина ќе треба да посветиме многу повеќе внимание. Ова е званична писмена изјава на претседателот на Собранието на Република Македонија.

Меѓутоа има една друга работа низ која призма пак треба да ги гледаме работите. Ние членството во Европската унија не сме го поставиле како задача за политичарите. Тоа го правиме за граѓаните на Република Македонија. И ние кога тоа го правиме за граѓаните на Република Македонија меѓу другото како што ја

анализираме нивната перцепција какви се состојбите во судството, какви се состојбите во јавната администрација за која се осврна и госпоѓата Шекеринска, дека има и поплаки по тоа прашање, мораме да ги видиме и нивните перцепции во однос на спорот со името со Грција. Јас за жал од перцепциите што ги имам од граѓаните можам да извлечам следен заклучок. Кај најголемиот дел од граѓаните преовладува ставот дека се додека прашањето со спорот околу името со Република Грција виси како дамоклов меч врз Македонија, ние не ќе можеме било што да направиме да ги започнеме преговорите за членство во Европската унија. обичниот граѓанин така размислува. Значи ние сакале или не без обзир што во извештајот тоа прашање не е разгледано како посебен дел, факт е дека постои перцепција кај граѓаните, за жал веќе и кај политичкиот естаблишмен дека тоа прашање е толку сериозна и толкава пречка на тој пат што постојано ќе се бара изговор во реформите за да ние најдеме соодветно решение по тоа прашање. Јас не сум за тоа да не се најде решение, немојте погрешно да ме разберете, меѓутоа овој пристап на Европската унија да бидеме отворени до крај создава евроскептицизам меѓу граѓаните на Република Македонија. Јас ќе ви компарирам со една друга држава која што е многу помоќна, бидејќи ние дво милионска држава со наша економија апсолутно не можеме ништо да измениме во функционирањето и структурирањето на Европската унија. Два милионска држава не е терет на Европската унија.

Меѓутоа, имаме ситуација на земја која што 30-40 се бори за членство во Европската унија чии поглавја се блокирани и претседателот на таа држава во една изјава вели вака - не ја гледам логиката зашто се блокираат преговорите по однос на одредени поглавја кога е јасно дека кога ќе завршат пристапните преговори за членство, договорот ќе треба да се ратификува во собранијата, парламентите на држави членки на Европската унија. Можно е да се случи и нашето Собрание да не го ратификува договорот. Оттука не ја гледам логиката во старт да се блокираат пристапните прговори со Република Македонија имајќи ги тие механизми во рака кога може во било кој момент по однос на одредени поглавја да се блокираат преговорите со Република Македонија. Тоа е еден индикатор дека се работи за многу сериозен проблем кој што тешко може да се надмине, меѓутоа би било многу голем ризик доколку тој стане кочница ние да ги започнеме пристапните преговори. Знаете во оваа ситуација кој ќе биде позитивен стимул за да се смени таа перцепција кај граѓаните и дел од ештаблишментот. Европскиот совет да донесе одлука да ги почнеме пристапните преговори, да се

нафатиме сериозно да ги исполниме тие обврски и што нас ни се назначени како недоволен напредок и дури отворени критики она што стои во Извештајот и тоа ќе биде најголема тест проба дали Република Македонија е на европскиот курс. Инаку ќе постави обратно прашањето дали на пример вие, еве отворен до крај. Госпоѓата Теута Арифи која што е носител на евроинтегративните процеси и гледате кочница на тој процес. Таа е број еден која што е задолжена да ја прати динамиката на реализацијата и овде да поднесува извештај. Овде имаме и претседатели на комисии за надворешна политика, за евро интеграции итн.

Јас сум убеден дека европскиот курс не е напуштен. Дека има проблеми во остварувањето на потребните стандарди за членство во Европската унија. Меѓутоа постои перцепција кај населението, се додека е тој спор со Република Грција дека Европската унија ќе оди по логиката на изнаоѓање на одредени оправдувања во нереализацијата на одредени таргети во реформирањето на нашиот систем за да може да го оправда одложувањето на пристапните преговори. Тоа е перцепцијата на граѓаните кој за жал веќе почнува полека кај одредени политичари да навлегува и се поставува прашање што треба да се направи во таа ситуација. Во таа ситуација треба и двете страни да покажат дополнителна енергија. Европскиот совет дефинитивно да донесе одлука. Тоа ќе биде најголем тест за нашиот јужен сосед. Ние сме свесни дека Европската унија не влегува во донесувањето одредени одлуки додека претходно добро не го изменаџира. А како ќе го изменаџира кога една членка дефинитивно по секој основ го опструира почетокот на преговорите. Оттука ни се случи она што ни се случува три години по ред добиваме еве пак ќе го ставам јас под знак наводници позитивен извештај, за мене е позитивен бидејќи не можеш да имаш препорака за почеток на преговори ако извештајот во целина не е позитивен а ние пак не можеме да ги почнеме преговорите. Ова е вистината. Ние овде можеме да си префрлуваме, да се надмудруваме кој е поголем мудрец кој е помал, кој поубаво ќе зборува кој помалку, меѓутоа факт е дека прашањето околу спорот со името околу Република Грција ни е омча на вратот и се додека тоа прашање не го решиме ние ќе имаме вакви проблеми и ќе имеме и доцнење и ќе каскаме зад другите земји кои што немаат слични проблеми од ваков карактер. И ние во светот не е единствен овој проблем. Ние имавме уште еден проблем околу билатерален спор кој што се реши со формирање на комисија која што ќе го решава проблемот, меѓутоа не влијаеше на почетокот и на текот на преговорите.

Имавме уште еден парадокс во Европската унија кога дел од една земаја со нерегулиран правен статус беше примена за полноправна членка во Европската унија иако еве ќе бидам отворен до крај беше против планот на Ахтисари да се прифати предлогот. Земја која што на референдум гласаше против планот на Ахтисари, за возврат доби членство во Европската унија. Дел од земјата која што го прифати тој план сеуште доживува блокади. Оттука сакам да речам дека тука се многу фактори, мултифакторијален е проблемот. Не е проблемот само тоа дали Република Македонија ги постигнала највисоките стандарди во реформирањето на државата. Бидејќи од досегашното искуство да бидеме отворени до крај, многу земји пред нас кои што влегле во пристапните преговори го немале овој степен на реформираност што го има Република Македонија во овој момент, меѓутоа во текот на преговорите нормално при секои поглавја вложувале дополнителни напори и дошле до ситуацијата во која што се.

Оттука, јас би ве замолил ние во текот на оваа година да ги закопаме овие ратни секири кој повеќе е виновен и кој што изјавил да имаме конкретен акционен план веројатно госпоѓата Теута Арифи во најскоро можен рок ќе ни достави како што секоја година сме ги разгледувале, идните активности што ќе ги имаме во текот на 2011 година, веќе од страна на претседателката гледам во програмата се нотирани дури и некои прашања кои што ќе бидат предмет и на јавна расправа за да можеме да го афирмираме тој наш европски дух и верувам дека извештајот за 2011 година ќе биде многу попозитивен во однос на извештајот што го имавме за претходната година и дефинитивно ќе ги започнеме пристапните преговори за членство во Европската унија. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам господине Хасипи.

Пред да му дадам збор на господинот Пешев, Тито Петковски, реплика.

**Тито Петковски:**

Бидејќи господин Хасипи кажа дали ние гледаме кочничар во госпоѓа Арифи на евро интеграциите јас ќе кажам не. Во моментот таа е мала надеж македонска. Меѓутоа ако се потсетите државниот секретар на Секретаријатот за европски прашања даде оставка и даде една изјава, верувам 99% до ден денеска ја заборавиле, премиерот не е дел од решението за името, премиерот е дел од

проблемот  за името. Значи дури не се промени премиерот или не биде сменет, немаме шанса за евроинтеграции. Благодарам.

**Кенан Хасипи:**

Реториката за менување на премиери кои што легално добиле на изборите за мене, ме враќа на едни времиња кои што се непожелни за овие простори.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам господине Хасипи.

Збор има господинот Антони Пешев.

**Антони Пешев:**

Пред се би сакал да ви се заблагодарам на сите за можноста да учествувам во оваа расправа. Морам да кажам дека се чувствувам непријатно што во дискусијата на ова тело го пренесовме духот на парламентарната борба и борбата на политичките партии кои за своите одлуки носат директна политичка одговорност и пред граѓаните и пред гласачите. Јас не сум повикан овде да носам политички оценки за тоа дали одредена изјава може да донесе штетни или позитивни консеквенции особено заради тоа што се наоѓаме во моментот во кој треба да го прифатиме или не прифатиме извештајот и да дадеме препорака да се прифати или да не се прифати извештајот на Комисијата.

Ова што би апелирал е да престанете да не прозивате господине Георгиевски за тоа да се делиме на про и контра, заради тоа што ценам дека скептик и како евро скептик дојдов во ова тело рачунајќи дека со мојата дискусија токму во духот на она што го кажа господинот Хасипи, добро е да се чуе некогаш и поинаков став за одредена тема заради тоа што може да биде и корист. Ниту еднаш не слушнав кој е економскиот поглед од македонска страна на пристапувањето кон Европската унија. Зашто го говорам тоа. Заради тоа што ако до пред некоја година беше неспорен фактот дека Македонија има економски бенефит од влегувањето во Европската унија сега не сум сигурен. Зашто го говорам тоа, заради тоа што утре ќе пречекаме, може да ни се случи многу сериозно да ни експлодира евро зоната додека ние овде разговараме за некакви теми кои ќе бидат ирационални од утрешниот состанок на групата земји кои го подржуваат еврото. Јас говорам чисто од економски аспект бидејќи такво тело

претставувам, дури и телото кое го претставувам поделени се мислењата дали треба да бидеме про или контра евро интеграции заради тоа што некои добиваат некои губат од влегувањето. Малите компании дефинитивно губат, големите компании ќе бидат апсорбирани. Искуствата на малите држави се погубни во економскиот сектор, некаде се добри, некаде се негативни. Меѓутоа, јас ова го кажав и пред камери на телевизија. Ме обвинија после тоа за евроскептицизам, меѓутоа јас повикав дека Владата мора да биде подготвена, да ако не идеме према европските интеграции и немаме согледување дека тој процес се одвива позитивно, Владата мора да подготвува резервен план. Заради тоа знаете што може да се случи: ние можеме да бидеме 100% кооперативни со барањето на оценките на Комисијата а да ни се случи повторно да не не примат. Господинот Хасипи фино кажа, може да се случи еден или два парламента да не го ратификуваат договорот. Колку години ќе чекаме? 50 години ќе чекаме да бидеме членка на Европската унија. Економијата не може да го пречека 50-годишниот план за чекање да  влеземе во, ние ви кажуваме дека тоа јавно ви го соопштуваме заради тоа што економијата на државата не може да се базира само на политичкиот.

Втора работа, ценам дека ова тело влегувајќи во политички дебати од овој тип, еве трета седница, жалам што не бев на втората, ние само подгреваме елементи кои можат да бидат искористени против нас отворајќи ја дебатата за одредени теми им даваме аргумент по кој основ ние би требало да не начекаат во делбата. И тоа кој е поголем патриот а кој не е поголем патриот, апсолутно не ја прифаќам како елемент заради тоа што овде се работи за чист прагматизам. Емоциите ве молам сите оставете ги на страна и делувајте многу прагматично. Македонија се наоѓала и во изгубена позиција 100%, па сме се вратиле назад на добиена позиција во делот на евроинтеграциите. Сега  не сме во 100% изгубена позиција и имаме забелешки на извештајот. Меѓутоа тука сме за да ги нотираме, тука сме да дадеме наше видување и да дадеме многу сериозни елементи зашто цениме дека тоа е така, а не со емоционални испади дури и во оваа Комисија денеска пред камери, добро е што сега ги нема, веројатно ова нема да биде пренесено, а сакав да го кажам и пред камери. Не се слашам да го кажам, толку емотивно беа изнесени работиве што како да си купуваме проект контра гласови во гласачкото тело. Луѓе оваа работа е многу сериозна. Економијата во оваа држава ќе биде колатерална штета на политичките препукувања ако немаме план за понатамошно дејствување.

Она што би сакал да го напомнам е дека Комисијата за евроинтеграции навлегува во нешто што почнува да станува пракса. Ние ги поврзавме евроатланските интеграции. Само да ве потсетам дека две земји се членки на НАТО, а не се членки на Европската унија. Критериумите се сосема различни, различни се елементите. Има некаде преклопување, но тоа не е нужно. Ние со сила си наметнавме како единствен проблем, а сега ни е комплицирано да ги решаваме проблемите нафрлени еден преку друг. Решавајќи го едниот го расипуваме другиот и обратно. Мислам дека таа работа не е така.

Би требало да престанеме со употребата на зборот евроатлански интеграции, поради тоа што има различни степени и позиции во двете институции. Без разлика што имаме ист проблем, навидум ист проблем. Бидејќи не е баш ист.

Сакам да апелирам дека драматични изјави, во ситуација кога не сте задоволни, не се решаваат со подгревање на непријателството, затоа што тоа го поларизира телото на државата и остро сугерирам за жестоката и остра дипломатска војна околу решавање на овие проблеми. Само така можете да го промените генералниот однос кон она што би било непријатност. Дипломатијата во овој момент треба да се стави во полна пареа. Ние не се наоѓаме на најдобриот пат и мислам ако продолжиме со ваков тоналитет, тотално ќе ги изгубиме шансите за натамошно преговарање, што, ако мене ме прашувате, може и не е некоја греда од економски аспект, меѓутоа јас не смеам тоа да го кажам заради тоа што тоа веројатно не е желба на поголемиот број граѓани на оваа држава. Тие сеуште имаат силна верба во европската интеграција.

Инаку, ако лично ме прашувате, јас сум евроскептик но срам ми е да го кажам тоа бидејќи ме ставате во ситуација да се произнесувам дали сум проект - контра. Ниту сум за, ниту сум против Владата. Од економски аспект сум евроскептик. Заради тоа што можам и експлицитно да ви кажам, ќе имаме политички бенефити, сигурносни бенефити, но за економските бенефити никој не направил анализа. Мојата анализа говори дека сме лузери. Но тоа нека остане приказна кога ќе разговараме за нормални параметри, а не за чиста политика и прибирање поени. Ви благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Ако постојат такви канали ќе биде добро за нив да дискутираме, бидејќи сите ние претставуваме наши граѓани и вие исто така претставувате не само себе си, претставувате институција, каде што, претпоставувам, интересите се различни, но ќе биде добро да се слушнат.

За реплика се пријави господинот Георгиев.

**Гордан Георгиев:**

Почитуван господине Пешев,

Сепак мислам дека не се разбравме. Во ниту еден момент не кажав и никому не кажав дека е страшно или е грев да се биде евроскептик. Особено кога сакаме да влеземе во клуб каде што дефакто имаме проблем со еден од членките на тој клуб, а тоа е Грција, кога сме опструирани од сите страни. Тоа не е спорно.

Од друга страна, некој да ми инпутира мене, не велам сега за вас, туку општо атмосферата што се создава во јавноста, дека сум предавник заради тоа, тоа и тоа, не признавам. За тоа ќе се борам до крај.

Сакам да ви кажам дека сосема е легитимен евроскептицизмот во секоја држава, па дури и оние кои сакаат да влезат во Европската унија. Во Хрватска е прилично високо нивото на евроскептицизам. Кога Полска влегуваше, имаше силен евроскептицизам. Ако се сеќавате, едвај помина. Никого не обвинувам за тоа. Но, господине Пешев, вие седите на оваа маса што во суштина е политичка маса, што одлучува и треба да даде насоки за крупни политички движења во Република Македонија. Како индивидуалец, како бизнисмен, како релевантен фактор, помалку или повеќе во општеството, можете да имате свој став и тој став да го кажете на разни форуми, вклучително и овој. Тој став се почитува. Го почитувам и јас, бидејќи има анализи, како што велите вие, јас ги знам тие анализи дека малите и средни претпријатија можат многу да изгубат во вителот начерен Европска унија. Тоа не е спорно.

Спорно е, почитуван Пешев, дека кога премиерот на оваа Република, господинот Груевски се колне во некаков еврооптимизам или проевропска позиција, повикувајќи се на 90% од граѓаните на Република Македонија дека се за Европската унија, а притоа во интервју или сите потези што ги прави покажува дека не сака да влезе во Европската унија, дека не го признава извештајот, дека Македонија не знае каде оди, покажува слабост дека не е способен да ги решава реформите, тој е должен политички, должен и одговорен на оваа држава и на

овие граѓани, вклучително и на вас господине Пешев да ви соопшти каде мисли да ја носи Македонија. Со оваа дебата што ја имав претходно не добивам политички поени, верувајте. Јас губам политички поени, губам гласачи, бидејќи во моментов, атмосверата во Македонија, се создаде еден националистички амалгам што сите разно-разни стејхолдери во општеството пуштаат писма до господинот Фуле и тоа ќе трае. Знам дека ќе трае. Подготвен сум ако треба и со главата во ѕид да одам за да дојде на мојата кауза затоа што мислам дека е правилно. Јас знам дека со овие говори не добивам поени, туку губам поени, и дека ќе бидам прогласен за предавник.

Затоа ви велам, пред малку господинот Хасипи, претпоставувам дека реферираше на Турција, ајде да бидеме реални, гледајте која е Турција, а која е Македонија. Луѓе. Турција е огромна земја што има право, има можност геополитички, геостратешки, економски, секако да каже нас не не интересира Европската унија. Ќе одиме на Исток, ќе бидеме мост меѓу Азија и Европа, имаме таков и таков БДП, таков двоцифрен економски раст итн. Го има ли Македонија тоа право, ја има ли таа можност?

Не велам дека таа дебата не е легитимна. Треба да се отвори. Ама, тоа не треба да го отворите вие господине Пешев, ниту јас туку нашиот премиер Никола Груевски да ни каже каде оди оваа држава, што е планот, има ли план Б, има ли план Ц. Можеби имаме некаков нов Тајван или не знам што.

Затоа ви велам, во ниту еден момент немојте да се почувствувате обвинет, никогаш тоа не го направив, ниту бев некултурен во оваа дебата, како што никогаш не сум некултурен, како што некој се обидуваше да ми импутира. Можеби бев малку повозбуден и повеќе го кренав гласот, но немојте да ми кажувате дека сум бил некултурен и непристоен и дека не треба овие работи да се разговараат на оваа тема.

Поентата ми е дека не е спорно да бидеме евроскептици, не е спорно да ги кажеме аргументите контра и про Европа, особено во ваква непријатна ситуација во која што се става дефакто Грција, но тогаш треба да се разговара за планот Б. Ние сме отворени да зборуваме за планот Б. А после ќе се видиме на мегдан, на избори, ние политичарите, кој губел, кој добивал, ќе видиме. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.Повелете.

**Антони Пешев:**

Бевме прозвани. Господине Георгиев, се извинувам, не прозвавте нас да дадеме наш суд. Бидејќи тој суд не кореспондира со реалноста, дека во овој момент е ставен во контекст на политика, јас морав да одговорам онака како што одговорив. Бидејќи рековте еве го граѓанскиот сектор, нека го даде својот суд. Јас не го застапувам граѓанскиот сектор. Јас го застапувам, да кажеме, спротивниот став од синдикатите.

Да ги видите нашите меѓусебни дебати и нема да можете да верувате дека можеме да седиме на иста маса. Суштината на проблемот е дека секоја групација си го анализира своето функционирање во услови и мислам дека ова е телото што треба да разговара, не само дали ќе бидеме членки на Европска унија, туку кои се директните политички, економски, овакви или онакви бенефити на државата. И дали имаме бенефити или само навидум имаме бенефити.

Она што сега можам да ви кажам, она што важело една година порано и што овде било идеално во овој Совет, денеска може да не важи, може утре 450 милиони ги чинеше Словеците членарината во клубот. Колку ќе не чини нас членарината во клубот? Дали има некој од нас анализа воопшто за тоа што ќе значи кога ќе треба да платиме долгот, не на Грција, на Португалија, Шпанија.

Јас ви кажувам дека клубот кон кој се стремиме, клубот за кој овде денеска копја вадиме, искрваривме на оваа маса политички, тој клуб чини и не само да носи бенефити, тој чини. Ако мислите дека треба да го платат граѓаните на оваа држава без да направиме анализа тогаш оваа Комисија не го прави она што треба да го направи. Ако треба да аплаудираме на секој, јас аплаудирам на Извештајот констатирани напредоци во одредени сектори за кои и мене ми тежат како граѓанин.

Јас само сум рекол дека тоа што е констатирано во одредени сектори е точно и таму треба тоа да се реши заради нас самите. Не заради Европска унија, заради тоа што не сакам да живеам во држава во која некој таму реално нотирани работи, потпретседателката на Владата беше коректна кога рече дека тие се реален одраз на состојбите, таму треба навистина да се решат проблемите. Не заради Европска унија, заради нас самите. Заради тоа што биле, не биле во Европска унија, верувајте ми, можеби денеска разговараме за перспектива двегодишна или за перспектива дваесет годишна. За 20 години јас ќе бидам 70

годишник, а моите деца ќе бидат здраво одмакнати, за чија идина разговараме кога дотогаш можеме да не постоиме како држава, ако не се анализират интермедијарните проблеми.

Јас откако сум влезен во политика поминале 17 години и верувајте ми истата дебата се води на истиот овој форум. Многу малку е сменето, многу малку. И тогаш имаше непријатели, и тогаш имаше Лисабонски договор, и тогаш одлука на Лисабонскиот самит, и тогаш имаше такви проблеми. Значи, нон-стоп ги има тие проблеми. Овде е да ги анализираме новонастантите состојби и спрема нив да делуваме прагматично и верувајте ми, против сум секакво драматично искажување на емоции, туку на практично делување. Во овој момент дипломатијата е таа која треба да работи и неформалните, значи да го подржиме Извештајот, а да оставиме дипломатијата да си ја заврши работата. И тоа треба да биде порака наша. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Само да немате секирации, согласно правилата сегашни, плаќаат нетконтрибутори. Во Буџетот на Европска унија се само оние кои што се над просекот на економски, на Европска унија, значи не се секирајте се додека не станеме толку силни како Словенија нема да плаќаме ништо, нето ќе користиме. Кога дај Боже ќе станеме, претпоставувам дека тогаш треба да се одврзе, меѓутоа ова е тема за која треба да се дискутира, а не еве и јас да се уфрлам е само паушално.

Повелете господине Љабеништа и последен за збор е Живко Митревски.

**Арбен Љабеништа:**

Благодарам претседателке.

Почитуван заменик претседател на Влада на Република Македонија, госпоѓа Теута Арифи, почитуван претставник на Европската канцеларија, драги колеги пратеници, членови на Комисијата за Советот за евроинтеграции.

Јас ќе бидам краток во мојот говор и поради малкуто време што ни остана расправата за Извештајот на Европската комисија за напредокот на нашата земја кој што е поднесен пред некое време е во постапка на дебатирање во сите комисиски тела, меѓудругото и во овој Совет за евроинтеграции каде што се

дадени и заклучоци што се усвоени од страна на оваа Комисија и денес дискутира Комитетот за евроинтеграции. Верувам дека е многу оправдано и многу е битно, говориме за проблем кој што е навистина серозен, кој што бара логичен пристап, пристап кој што е конструктивен за да се дојде до заклучоци да се изнајдат механизми за да се спроведат сите тие препораки, забелешки што ни се даваат со овој документ.

Јас се согласувам со заменик претседателот на Владата за евроинтеграции, со нејзиното мислење во однос на овој Извештај на Европската комисија за напредокот на нашата земја која што вели дека воглавном овој Извештај е реален и содржи анализи за степенот на реформите како и потребните законски и институционални прилагодувања за да се добијат тие оценки од Европска унија. Мислам и верувам дека сите ние треба да веруваме дека единствениот светол пат на развојот на една достоинствена Македонија, развиена економски, политички стабилна Македонија е европскиот пат. Од дебатата која што се одвиваше пред малку помеѓу господинот Пешевски и колегата пратеник за економскиот евроскептицизам верувам дека тие навистина бараат сериозна дебата која што треба да случи во иднина и треба да се даде резултат за овие логички теми, меѓутоа сепак мислам дека ние имаме истрасиран пат до Европска унија и ние сме принудени да продолжиме да работиме за да успееме да ги почнеме фазите кои што се бараат од нашата земја за да бидеме интегрален дел на Европска унија. По оваа смисла, мислам дека не е добро во определени моменти кога било да се работи за опозицијата или пак за власта кога се излегува со мислења кои што се хиперполизираат или пак проширувaат во спротивни насоки и мислам дека нивото на европскиот лик на нашата земја е токму извештајот што го добивме пред неколку дена и треба да рефлектираме врз основа на сите овие препораки. Без оглед што во овој Извештај се забележуваат напредоци кои што ние ги цениме, тие се навистина убави напредоци на кои што треба да се работи и понатаму да го достигнат европскиот стандард. Во овој Извештај на Европската комисија несомнено дека има многу забелешки во смисла на почетокот на определени работи, за постигнувањето до некое нивно определено ниво, меѓутоа сето ова треба да биде еден предмет, предмет кој што ќе биде наша секојдневна работа, работа на Парламентот, Владата и другите структури на државата. Несомнено дека многу битна работа е тоа што проблемот што ние го имаме со нашиот сосед за решавање на името е многу битен проблем кој што исто така бара конструктивен пристап за решавање, затоа што и тоа е

еден силен столб кој што нам ќе ни го отвори патот кон евроинтеграциите. Заедно со економскиот, политичкиот, социјалниот напредок кои што се рефлектираат во овој Извештај на Европската комисија. Мислам дека сите ние треба да бидеме обединети и повторно ќе кажам, овој предмет од оваа содржина на овој материјал треба да биде наша секојдневна работа за да ги најдеме механизмите, начините за да ги решиме сите проблеми кои што ни се рефлектираат тука. Во согласност со европските стандарди затоа што мислам дека единствениот пат на нашата земја, мислам светол пат, е интегрирањето во Европска унија, во европската заедница. И мислам дека политичките партии, Владата, Парламентот, сите треба да бидеме обединети во изнаоѓањето на начинот и механизмите за да им одговориме на сите овие препораки, забелешки и заклучоци што се во овој Извештај. И верувам дека доколку сме обединети ќе излеземе со светол лик. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Господинот Живко Митревски, повелете.

**Живко Митревски:**

Претседателке, исто времено ја користам можноста еве и на вицепремиерот госпоѓата Теута Арифи да и се заблагодарам за уводниот извештај и знаеме дека навистина ја одржуваме седницата во еден доста сензитивен момент, меѓутоа сепак не очекував дека ќе има ваков тек, дека ќе се промовира една ваква драматичност на Извештајот, дека ќе се промовира, малте не станува збор за некој историски чин од кој понатаму зависи нешто или не зависи.

Значи ништо повеќе, ништо помалку според мојата проценка и оценка требаше конкретно да дискутираме по Извештајот, има доста поглавја, поглавја по сите параметри за кои можеше да се зборува и мислам дека дефинитивно во Република Македонија ќе треба да се напушти практиката да се политизира и да се користи секое прашање за пласирање на чиста политика за употреба на секое прашање за внатрешно партиски, надворешно партиски интереси, со што навистина наша оценка е дека и се прави поголема штета на граѓаните и работниците во Република Македонија.

Мислам дека ова е местото каде што можеме да дискутираме за многу конкретни прашања, вклучително и по делови од Извештајот. Јас нема да зборувам за другите, зборувам сосема накратко за Поглавјето 19 во делот на социјалната политика и вработување, каде што се констатираат навистина напредоци во делот на социјалниот дијалог, во делот на функционирањето на економско социјалниот совет, во малиот напредок, но сепак е напредок во делот на трудовото право, околу измените на Законот за работни односи итн., но исто така има и една сериозна констатација за која сметам дека треба малку посериозно да се позанимаваме, околу оперативните политики во делот на водење на националните политики за безбедност и здравје при работа, значи се констатира дека недостасуваат координирани механизми околу ова прашање и тоа е делот каде што сметам дека во рамките на тие акциони политики кои треба да ги градиме треба навистина оперативно малку повеќе да размислиме на кој начин тоа ќе се прави и во делот на спроведувањето на таа политика за безбедност и здравје при работа, како и во делот на онаа последна констатација околу  зголемувањето на сиромаштијата што навистина мислам дека треба да биде основа за една серозна анализа, дури и според мене формирање на посебна работна група која што треба да идентификува дали е тоа така, колку е така, кои се индикаторите кои предизвикуваат, кои се политиките кои можат да предизвикаат подобрување во оваа сфера и мислам дека од прилика се тие начините  каде што би требало да се движиме при разгледувањето.

Инаку не е ни прв ни последен извештај. Станува збор за оценки кои ако сметаме дека не се такви треба да ги демантираме со нашите анализи и нашите постапки, така да мислам дека она што треба заеднички да го правиме е да покажеме еден навистина заеднички консензус во решавањето на проблемите посебно еден, бидејќи ја застапувам таа сфера еден единствен социјален консензус кон решавањето на прашањата. Во делот на, мислам воопшто не се согласувам со етикетирањата кои беа присутни дали се некои предавници, дали е патриоти и во зависност од, пак реков внатрешно партиски видувања, да се оквалификуваат одредени организации, одредени личности.

Слично како и колегата од економскиот сектор би упатил едно укажување на колегата во однос на тоа што повика голем дел на организации, невладини, синдикати, во делот на своето размислување околу Извештајот и околу потребата на придавката македонски односно околу идентитетот. Мислам ние како синдикати во Република Македонија бележиме константа во запазувањето на

македонскиот идентитет. Значи, добро би биле ако, не гледам дека е тука пратеникот Гордан, значи немаше состанок 15-20 години каде што синдикатите во сите овие интернационални состаноци не зборуваа и жестоко не го бранеа македонскиот идентитет. Значи, после 20 години приемот кој е направен како придружно членство на Сојузот на синдикатите на Македонија и на Конференцијата на слободни синдикати е направен како Сојуз на синдикати на Македонија, како Конфедерација на слободни синдикати, а да не зборам пред 15 години Унијата на независни синдикати на Македонија е значи примено под такво име.

Во рамките на тие состоноци жестоко сме го бранеле идентитетот на македонскиот јазик, а зошто тоа го правевте, го правиме и ќе го правиме, значи тоа го чувствуваме како морално, етичко право и како право на слободно изразување кое впрочем е втемелено во основните повелби на демократска Европа, ќе покаже и денешните два дека што се случуваше. Значи, нема да дозволиме во рамките на конференција што се одржува во Република Македонија, значи имавме состанок на Панеевропскиот комитет во рамките на светската конфедерација на синдикати каде што беше направен обид да не се зборува македонски, односно да нема превод на македонски. Станува збор за доста суптилни прашања кои не се од сега поставени од синдикатите, туку бележат една константа 10-15 години наназад. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Дозволете на крајот да дадам збор на професор Арифи.

**Теута Арифи:**

Благодарам многу.

Секоја парламентарна дебата знае да биде интезивна, јас мислам дека во принцип сум го кажала тоа и порано дека јас сум спремна да слушам вака дијаметрално спротивставена дебата, некои две недели откако Извештајот ќе биде јавен, затоа што мислам дека тој дел можеби ќе отслика уште еден момент од нашата реалност. Но како и да е, сметам дека тие денови веќе ги приврвшуваме и тие денови веќе доаѓаат до својот крај. Јас сметам дека многу брзо треба да

седеме и да дебатираме како да ги подобриме работите и како заеднички да добиеме еден подобар, попозитивен извештај за 2012 година.

Уште еднаш сакам тука да подвлечам дека тоа што најпрво и најбрзо ќе го добиете од Владата, значи од Секретаријатот за европски интеграции, тоа е Акциониот план за вториот дел на листата на задачи. Додека според нашиот календар јас очекувам до декември да поминеме на Влада со Акциониот план за целата идна година како одговор и адресирање на прашањата за Извештајот и евентуално на Собранието на почетокот на годината одма би се соочиле, би дебатирале за тоа. Со сето разбирање и за политичките разлики, имам право да барам и да очекувам да  во однос на прашањата кои ќе ги донесеме тука за дебата да има конкретен придонес во однос на подобрување на работите затоа што мислам дека самоидентификацијата и дебатата околу тоа како би требало да биде без давање на вистински придонес како да ги подобриме работите, мислам дека не е доволна.

Уште еднаш сакам да напоменам дека извештаите за прогресот на Република Македонија  од страна на Европска унија за нас како земја се особено значајни затоа што ни даваат уште една можност да се погледнеме и секако да работиме на подобрување на нашата слика најпрво пред себе, а потоа пред Европска унија и другите партнери. Можам како еврооптимист да дадам еден аргумент повеќе како одговор на пример на дилемите или на евроскептицизмот не само искажан од господинот Пешев, туку едноставно како појава. Сметам дека Западниот Балкан и земјите на Западниот Балкан каде што секако сме и ние, нивната перспектива не само политичка туку и хумана, социјална, човечка, па и економска е поврзана недвојбена со Европска унија затоа што таа поврзаност најнапред ни ја предефинирала географијата од која ние не можеме да избегаме, туку и активниот однос и активното присуство на Европска унија сите овие 20 години на нашата независност и 10 години под Охридскиот рамковен договор. Присуството на Европска унија никогаш и ниеднаш не беше само присуство на зборови, туку беше присуство на ангажман кога тоа беше потребно, беше присуство на разрешување и надминување на конфликти кога ние понекогаш немавме капацитет тоа да го направиме, зајакнување на нашите капацитети и партнерство преку ИПА фондовите и сите компоненти  кои ние во моментот ги користиме.

Затоа почитувани членови на овој Совет, сметам дека токму рационалниот однос кон прашањето на Европска унија треба да биде тоа што ќе ме води во овој

процес, овој процес кој не е индивидуален, не е личен и не може да биде личен, туку процес кој е колективен каде што сите ние треба да се најдеме. Уште еднаш ви благодарам за можноста да дебатираме и нормално секогаш тука за дебата поврзани за сите прашања кои се поврзани не само со извештајот туку воопшто со политиките на приближување кон Европска унија.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам госпоѓа Арифи, за тоа што ја подржавте оваа дебата со ваше учество на крајот.

Јас би сакала да констатирам дека со тоа ја исцрпивме листата за дискусија, поделени се некои предлог заклучоци околу кои се консултиравме со претседателот на Советот госпоѓата Бонева, дали има некои предлози за измена или за дополнување, ова е во принцип во насока на тоа што сме го правеле секоја година, ќе видите дека ја одразува дебатата, забелешките кои што беа кажани и коментирани и е текст кој што можеме да го усвоиме со консензус, а тоа е единствениот начин на кој што работи Советот.

Ако има предлози за измени, повелете господине Милошовски.

**Антонијо Милошоски:**

Јас имам предлог за измена во членот 9, кој што е предложен, значи првиот пасус оди, се истакнува дека одржувањето на добрососедските односи вклучувајќи меѓусебно прифатливо решение под покровителство на ОН, останува клучно во следната фаза од интегративниот процес, вториот пасус предлагам да се измени во следната насока, Националнот совет за евроинтеграција ја нагласува потребата за одржување од грчко македонскиот дијалог и вложување на дополнителни напори за изнаоѓање на компромисно решение. И уште една дополнителна реченица, Советот нагласува дека билатералните проблеми не се дел од Копенхашките критериуми, бидејќи ако тоа може да го нагласи Велика Британија како членка на Унијата, ако тоа може да го нагласи Унгарија како членка на Унијата, тогаш зошто ние не би нагласиле еден факт дека билатералните проблеми не се дел од Копенхашките критериуми. Затоа што во спротивно ние самите и ако сме свесни за ситуацијата сепак го формализираме како пишан формален услов она што Грција сака да го наметне како таков. Тоа е едниот предлог за измена.

Втората измена во контекст на кратење и изменување на текстот на членот 3, каде што би можело да се скрати текстот во смисла и да се обврзат за надминување на посочените слабости и потоа текстот да продолжи само со крајната констатација со цел превземање на обврските од претпристапните преговори. Затоа што мислам дека тука најголемите разлики се појавуваат околу тоа кој и на кој начин ги согледуваат тие наведени нешта и мислам дека на овој начин текстот може да биде по прифатлив за членовите на Советот.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Повелете господине Мирчев.

**Димитар Мирчев:**

Членот 9, всушност член 8, вториот пасус, Советот ја повикува Европската комисија согласно принципот на почитување на европските различности во спротивна смисла, без одлагање да ја преиспита неупотребата на придавката македонски во контекст на јазичните и културни особености во Европа. Значи, не да ја преиспита употребата, туку неупотребата. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Дали има некој други сугестии.

Јас да кажам што мислам, двата предлога на професорот Мирчев мислам дека се не само прифатливи туку и го подобруваат текстот и јас на почетокот кажав дека ги предлагам овие заклучоци во некоја политичка координација за да не ве ставаме во улога овде да ги дебатираме уште еднаш, а сепак да постигнеме консензус и претходно тоа го направив со колешката Бонева сметајќи дека тоа е договорено. И минатата година и оваа година сакаме да кажеме кои се приоритетите, бидејќи кога човек нема приоритети ништо не завршува. Ако Извештајот е јасен, ако изјавите се јасни дека се ова клучните слабости во Македонија бришењето кое што го предлага господинот Милошоски на она што минатата година го усвоивме и Собранието го натеравме да го усвои ќе значи дека ние практично сакаме дел од огледалото да го скриеме. Ниту некого ќе

излажеме, само себе си ќе се излажеме. И јас сепак би предложила да останеме така како што постоеше договор, барем политички во овој дел на Советот и би предложила ако може колегата тој дел од предлогот да се откаже од него.

Во поглед на точката 9, мислам дека треба и на писмено да го видиме и околу тоа можеме во последен момент да направиме консултација, меѓутоа генерално не мислам дека тоа е спорно, прифатливо е. Зошто не стои билатералните спорови не се дел од Копенхашките критериуми, затоа што тоа се подразбира, Извештајот ги изразува Копенхашките критериуми, а она што е одлука на седниците на Европскиот совет на крај на годината кога ќе се чека дали ќе имаме или нема да имаме преговори, тука Копенхашките критериуми не се единствените критериуми туку земјите членки носат политичи одлуки и затоа е ова вака споменато. Меѓутоа мислам дека тешко ќе ни биде да постигнеме компромис ако особено не земеме предвид како работеше Советот минатата и предминатата година. Значи, секој пат кажувавме овие некои типични издвоени крупни прашања или слабости да покажеме и до Владата каде чекаме да биде ставен акцентот. Сите овие теми од типот, слобода на медиуми, јакнење на независност на судство, реформи во јавна администрација, борба против корупција, имплементација на усвоените закони беа дури и дел од онаа Санино листа, така што мислам дека ќе оставиме само лош впечаток дека ги избегнуваме проблемите, а никој нема да биде излажан.

**Антонијо Милошоски:**

Намерата не е било кој да се доведе во заблуда по однос на посочените слабости, но доколку имаме термин да се обврза за надминување на посочените слабости во Извештајот тоа сосема коректно ќе упатува на Извештајот каде што се посочени тие слабости, кои да се, без разлика дали станува збор за администрација, судство, екологија, транспорт, или било што да е друго. Така што мислам дека бидејќи имаме високополитизирани теми на кои што секој гледа со различна диоптрија сметам дека би било покоректно ако се употреби терминологија за надминување на посочените слабости во Извештајот и согласно тоа секоја една слабост нема да биде степенувана или градирана туку ќе биде предмет на укажување од Националниот совет дека Владата и надлежните органи треба да преземат мерки со сета одговорност и критичност за нивно надминување.

**Радмила Шекеринска:**

Значи, дозволете само да кажам дека многу слабости има во секој Извештај и ќе има и кога ќе бидеме членови ќе има слабости. Не се сите слабости исти. Значи, едно е да не усогласите некоја техничка директива или да не ја имплементирате сосема до крај, а друго прашање се основните критериуми кои не случајно Европската комисија ги издвои поединечно. Значи, не се измислени овие, вели, продолжува да ги исполнува политичките критериуми, одреден прогрес беше направен на некои клучни реформи и сега ги реди овие кои ги сметаат за главни слабости. Тие ќе бидат главните слабости кои ќе ни го пишуваат извештајот за 2012 година. Ако ние немаме денеска политичка одговорност, критичност па и сериозност да кажеме, знаеме каде е топката, знаеме кои се главните теми според кои ќе го пишувате извештајот следната година мислам дека и Советот ќе изгледа многу несериозно, а потоа и Собранието ќе го доведеме во истата ситуација. Значи, минатата година буквално истата пракса ја применуваме, велиме, добро е што ја имаме препораката, ги поздравуваме реформите таму каде што се направени, ова се клучните теми за кои ни треба напредок. Секогаш ќе каскаме инаку секоја година ќе не чуди зошто извештајот не е добар, ова е тоа однесување кое не носи во ...

**Антонијо Милошоски:**

Добро, јас ќе бидам воздржан по однос на овие заклучоци, така да не би преставувал некаква пречка за нивното усвојување. Доколку тоа помага, но сметам дека текстот што го предложив не дискриминира ниедна слабост, напротив упатува кон извештајот и ги повикува надлежните институции, субјекти со цела одговорност и критичност да ги анализираат забелешките во извештајот.

**Радмила Шекеринска:**

Дали има некои други предлози?

Повелете Бонева.

**Силвана Бонева:**

Благодарам.

Бидејќи според мене предлогот на колегата Милошоски не го исклучува тоа што е наведено во точка 3, туку го проширува фактички аспектот на гледање на слабостите во извештајот, мислам дека нема потреба овде да се надгласуваме и некој да биде воздржан, некој за, бидејќи секогаш сме одлучувале заеднички. Значи, ништо не се крие кога ќе се каже дека се обврзува да се надминат посочените слабости, да се превземат обврски од претпристапните преговори, значи тоа сублимира во себе се, буквално се што е наведено во извештајот. И мислам дека од тоа не би требало да правиме некој посебен проблем бидејќи не сме диаметрално спротивни на тоа што сакаме да го потенцираме и за што зборувавме овде. Кога ќе одиме на пленарна сесија пратениците кои што ги интересира екологија ќе гледаат екологија, други кои ги интересира транспорт, трети политички критериуми, четврти економија, секој ќе наоѓа акцент кој што за него е битен, а Извештајот е сеопфатен и можеби не лошо да се направи ваков сублимат на текстот, да се каже дека треба да се обврзат, да се надминат посочените слабости во Извештајот и да се работи на тоа. Доколку има согласност од повеќето членови на Националниот совет и можеби еве за иднина и да се прекориме самите зошто претходно не погледнавме малку повеќе сите заеднички и да очекувавме предлози за заклучоците па да ги усогласевме пред самата седница, за да може сите да учествуваат во креирањето на заклучоците. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Сите можат да се жалат на тоа само не јас и не вие. Целта беше на Советот наместо да влеземе во дебата точка запирка, да имаме барем базичен некаков договор помеѓу претседателот и потпретседателот и тоа што е договорено политички да го одбраниме, а останатите да дадат и конкретни предлози како може тоа да биде подобрено. И тука некаде најдовме ако ги следите заклучоците ќе видите дека е многу деликатен балансот политички за да сите можат да го подржат и за да Советот и Собранието се усогласи со консензус. Го дадов предлогот откако мислам дека е усогласен инаку немаше да го давам да бидам искрена.

Зошто се издвоени овие еве сакам уште еднаш да образложам. Нема ниту една област во поглавијата која може да биде позитивно оценета ако немате независно судство. Нема ниту една област која може да биде спроведувана ако немате професионална администрација, ова се условите без кои не се може, се

друго може да биде малку подобро или малку полошо, меѓутоа ако немате овие основи базични, политичките критериуми со тоа, се останато паѓа во вода.

И сите, јас денеска реков и неколкумина на тоа зборуваа, ако зборуваме во флоскули, да ќе кажеме сите слабости ќе ги спомeнеме и ќе продолжиме понатаму. Отсуството на овие клучни слабости кој ни ги спомнува Европската комисија ќе значи дека Советот и Собранието не сакаа дури ни да ги прифатат оценките дека повеќе треба да биде сработено во овие области и тогаш ние имаме поголем проблем. Македонија ќе се смета дека нема политичка волја да ги решава. Ако сметате дека ова треба да биде извадено од заклучоците, јас ве разбирам, ви го прифаќам мислењето, меѓутоа не можам да се согласам. И во тој случај констатирам дека на Советот нема да можеме да постигнеме консензус и евентуално ќе дозволиме можеби во собраниските дискусии на координација тоа ќе биде направено. Жалам мислам дека тоа ќе биде минус во работата на Националниот совет. Меѓутоа, ова што е предложено е буквално следење на искуствата што ги имавме претходните години и мислам дека е проблем сега да браниме дека се враќаме назад.

**Антонијо Милошоски:**

За да не ви биде минус во однос на заклучоците, може да направиме обид повторно за стигнеме до нешто консензуално. Советот се залага надлежните субјекти со сета одговорност и критичност да ги анализира забелешките во Извештајот и да се обврзат во надминување на посочените слабости во врска со судството и администрацијата и другите области со цел превземање на обврските од пристапните преговори.

**Радмила Шекеринска:**

Ова беше тоа од што стравував. Значи, вие практично само го повторувате она што го чувме премиерот во јавни изјави да ги каже, прифаќаме дека судството и администрацијата се проблем, корупцијата и медуимите не се проблем.

**Антонијо Милошоски:**

Ова беше напор да се стигне до некое..........

**Радмила Шекеринска:**

Не,не, ве разбирам,ама...

**Антонијо Милошоски:**

Ако имате против, ако не одговара, јас не би можел...

**Радмила Шекеринска:**

Не, ве разбирам, ама јас не мислам дека ќе можеме, бидејќи не можеме да се надгласуваме, не сакаме ете да се надгласуваме, јас тогаш предлагам да одиме без усвојување на овие заклучоци, бидејќи очигледно политичките разлики во читање дури и на овие три пасуса посветени на Македонија во Извештајот се големи и можеби тоа е и најчесно, бидејќи инаку ќе се сведеме навистина на желби само за Европска унија или за интеграција.

Овака како што стигнавме ќе го предадеме можеби како идеја до координаторите и ќе видиме дали Собранието ќе успее да излезе со некакви заклучоци, се надевам дека тоа ќе биде така.

Без многу да должам би побарала да преминеме на другите точки од дневниот ред, заради тоа што се можеби технички, ама мораме да ги завршиме.

Да ве замолам, само пет минути, бидејќи се усогласени не би требало многу да има дискусија, а ни требате како член.

Еве ќе ве замолам, ако има некаков проблем ќе го оставиме за следниот пат, тие што се неспорни да ги усогласиме.

Предлог Деловникот на Националниот совет за евроинтеграции, направивме малку поширока консултација, трите тела од сите партии, мешовитиот комитет, дадовме некаков предлог кој е на линија на досегашната пракса, само малку некои работи ги прецизира особено со замениците членови. Имавте прилика да го погледнете дали има некои сугестии за измени или за дополнувања на Деловникот. Повелете.

**Димитар Мирчев:**

Претседателке, Националниот совет не одлучува...

**Радмила Шекеринска:**

Како? Член 4 или ...

**Димитар Мирчев:**

Четвртиот дел.

**Радмила Шекеринска:**

Од кој дел? Член 7, извинете, четврти пасос

**Димитар Мирчев:**

Член 7, први, втори и трети став, значи во Законот не се употребува терминот одлучува, нема воопшто одлучување, туку можеме да го употребиме терминот заклучува.

**Радмила Шекеринска:**

Не, некогаш носиме одлуки за мислење, добро прифаќам да го усогласат со одлуката, еве, дали одлучува или носи одлуки.

**Димитар Мирчев:**

Во член 6 предлагам околу овој проблем должината на дискусиите и воведните излагања можеби да ставиме.

**Радмила Шекеринска:**

Многу дискутиравме ама ќе бидеме спротивни на Деловникот на Собранието кој вели дека работните тела во кој што спаѓа Советот неограничена е дискусијата, инаку првиот предлог беше таков ама се исконсултиравме.

**Димитар Мирчев:**

А репликите?

**Радмила Шекеринска:**

И кај репликите, за работни тела нема ограничување.

**Димитар Мирчев:**

Затоа што некој пат се случува по пет пати да реплицираат.

**Радмила Шекеринска:**

Да, јас еве сега бидејќи дека имавме дискусија се трудев, ќе апелирам секој пат, ама на апел, ќе останеме.

Ако нема други сугестии овие две ги прифаќам и ќе се вградат во Деловникот, тогаш заклучувам дека Деловникот го усвоивме.

Следна точка од дневниот ред е **Предлог план на активности на Националниот совет за евроинтеграции во следната година**. Направивме прво до крајот на годината, ама многу е кусо времето, ова е сума на се она што до сега било кажано како предлог на некој од членовите на Националниот совет како тема да се дискутира. Извештајот не се заклучува тука, ама сакав да дадеме некаква индикација што се ќе дискутираме. Сите други предлози ќе бидат добредојдени, ама сметам дека и овде прилично сме амбициозни бидејќи јавните расправи ќе бидат дополнение на сево ова.

Дали тука има предлози за дополнувања, предлози?

Ако не ви благодарам, ќе констатираме дека ќе работиме според овој план и ни остана уште од почетокот на оваа година да донесеме **Анекс 2 на Мислењето на Националниот совет за европски интеграции за усвојување на правото на Европска унија во текот на 2011 година**. Значи, ние до сега врз основа на планот што го добиваме од Владата правиме список на закони кои се усвојуваат според т.н. специјална процедура каде што Комисијата за европски прашања има најголемо влијание и од сите тие закони издвоивме неколку закони за кои ќе организираме  јавна расправа. Дел од нив се завршени, ама заради изборите и заради практично паузата од неколку месеци не се организираа јавни расправи. Сегашниот предлог во тие консултации е до крајот на годината доколку ги добиеме законите од Владата на овие пет закони да организираме јавна расправа. Тука се неколку политички сензитивни како што е полиција, безбедносно разузнавачки служби, Законот за класифицирани информации беше предлог на еден колега и Законот за волонтерство и за финансиска инспекција во јавниот сектор.

Ако има некои други предлози од оваа листа постоечки што сеуште не се усвоени повелете. Ама во принцип во најголем дел од неусвоените се билатерални ратификации и измени некои ситни на законите, а нема нешто посуштинско да кажам.

Ако нема предлози, тогаш заклучуваме дека Анексот 2 со овие пет закони ќе ни биде водилка во следните неколку месеци и се надевам дека барем некој од овие закони ќе стигнат до крајот на годината, ќе влезат во процедура за да може да организираме.

Со тоа овие точки ги исцрпуваме, колегата Кенан Хасипи имаше предлог околу заклучоците, повелете.

**Кенан Хасипи:**

Околу заклучоците мислам дека е претешка констатацијата дека јас сакам да се нотира само во врска со член 3 од заклучоците, не се постигна консензус и тоа да стои записнички. Инаку, ако констатираме дека околу заклучоците не сме се согласиле може да остане впечаток дека по ниеден заклучок не сме се договориле. Значи, записнички да констатираме дека консензус не е постигнат само по однос на третата точка од заклучоците.

**Радмила Шекеринска:**

Предлагам вака да влезат во записникот, беа предложени овие заклучоци, беа дадени овие предлози за кои што се согласи Националниот совет, меѓутоа не се постигна согласност околу точка 3. Па ќе биде некој начин индикација на Собранието.

Благодарам на присуството и се гледаме во следна прилика.

Седницата заврши во 12.55 минути.